РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 01-307/18
01.07 2026 год.
СКОПЈЕ

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
ООУ„Блаже Конески "- Општина Аеродром
за периодот 2024 - 2026 година



Скопје, јуни 2026 год

Самоевалуација на ООУ „Блаже Конески" – Скопје
За периодот 2024-2026 година

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ „Блаже Конески" - Општина Аеродром, Скопје
Адреса	Ул. Венјамин Мачуковски бр.4, 1000 Скопје
Телефон, е-пошта	02 2469 746 blaze_koneski1@yahoo.com
Период на подготовка на СЕУ	2024- 2026 година
Број на ученици во училиштето	
Број на подрачни училишта	/
Училишен директор	
Име и презиме	М-р Виолета Ристовска
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Бојана Трајаноска Димитриевска
Потпис	
Датум	

ВОВЕД

Развивањето, воспоставувањето и унапредувањето на квалитетот во различните сфери на животот и работата, особено во областа на образованието и учењето (област која најмногу има влијание во развојот на едно општество во целина), претставува неопходна активност. Денес, насекаде во светот се воведуваат современи процедури за обезбедување на квалитет со цел образованите системи да бидат што повеќе ефективни и ефикасни. Еден од начините да се воспостави и осигура ефективен образовен систем е неговото вреднување, односно вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовните институции (училиштата). Кога зборуваме за вреднувањето на квалитетот на работата на едно училиште, треба да истакнеме дека тоа се спроведува преку: самоевалуација и интегрална евалуација. Самоевалуацијата претставува процес преку кој се вреднува квалитетот на работата на училиштето, а ја спроведува самото училиште. Оваа постапка всушност претставува вреднување на сопствената работа, а се тргнува од анализата на тоа што и како сме сработиле. Всушност, при самоевалуацијата треба да одговориме на следниве три прашања, кои претставуваат суштина на самоевалуацијата (самовреднувањето):

- **Колку училиштето е добро?**
- **Од каде го знаеме тоа?**
- **Што треба да направиме, училиштето да биде уште подобро?**

Најточни, најдобри и најрелевантни одговори на овие прашања можат да дадат наставниците, учениците, раководниот тим, останатите вработени, родителите, локалната заедница, социјалните партнери и други соработници, но секој од своја гледна точка, со што се постигнува преглед на сите предности и недостатоци (јаки и слаби страни) на самото училиште од кои произлегуваат и приоритети на училиштето. Согласно Законот за основно образование, секое училиште е должно да спроведе процес на самоевалуација секоја втора година (член 129). Интегралната евалуација ја спроведува Државниот просветен инспекторат секоја трета година (согласно законот за ДПИ) и опфаќа вреднување на: организација и реализација на наставата, услови и култура во воспитно-образовната установа, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и сл.

Самоевалуацијата се однесува на периодот 2024-2026 година (учебна 2024/2025 и учебна 2025/2026 година)

Согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштето, во процесот на самоевалуација се вреднуваа четири подрачја:

1. Планирање, настава и учење.
2. Постигање на учениците.
3. Училишна клима и односи во училиштето.
4. Раководење, управување и креирање политики.

Врз основа на член 129 став 2 и став 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/19 и 229//20) и донесената Одлука од страна на Училишниот одбор

при ООУ „ Блаже Конески "- Скопје бр. 02-203/4 од 28.04.2026 година, на предлог на директорот, се формира училишната Комисија која треба да изготви извештај за извршената самоевалуација за учебните 2024/2025 и за 2025/2026 година од која треба на крај да произлезат предлог - мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години. Комисијата е во состав:

- Александра Арсовска Белчовска- психолог,
- Весна Анѓеловска-педагог,
- Искра Стојановска – наставник по англиски јазик
- Весна Стевановска - одделенски наставник
- Тања Илиевска - наставник по македонски јазик.

На наставничкиот совет при ООУ „Блаже Конески "–Скопје одржан на ден: 06.05.2026 година се донесе одлука и директорот формираше тимови за самоевалуација на работата во учебните 2024/2025 и за 2025/2026 година (според подрачјата на самоевалуацијата):

1. **Планирање, настава и учење:**
   - Ивана Младеновска- одделенски наставник (координатор).
   - Наташа Ристовска - одделенски наставник, член.
   - Маре Талеска – наставник по географија, член.
   - Весна Анѓеловска – педагог, член.

2. **Постигање на учениците:**
   - Елена Костовска- одделенски наставник (координатор)
   - Сиче Талеска - одделенски наставник (член)
   - Александра Милановиќ – наставник по математика , член
   - Арија Савеска- дефектолог , член

3. **Училишна клима и односи во училиштето:**
   - Софија Димитровска - одделенски наставник (координатор)
   - Јасмина Нацева - одделенски наставник (член)
   - Александра Арсовска Белчовска - психолог (член)
   - Анета Андреевска – наставник по биологија (член)

4. **Раководење, управување и креирање политики.**
   - Елеонора Јовчевска - одделенски наставник (координатор).
   - Соња Вељановска, одделенски наставник, член.
   - Вера Стојчевска - наставник по англиски јазик, член.
   - Симона Златева , - одделенски наставник, член.

Методологија

МЕТОДИ	ИНСТРУМЕНТИ
Набљудување	Следење на состојбата
Анкетирање	Анкети, прашалници
Интервју	Разговори (индивидуални и групни)
Скалирање	Скали, графички (дескриптивни и нумерички)
Анализа на документи	Чек листи

Обезбедување транспарентност на процесот

Резултатите од самоевалуацијата во ООУ „Блаже Конески" за периодот 2024-2026 година беа доставени и презентирани на:

- Наставнички Совет (каде беа едногласно усвоени),
- Совет на Родители,
- Ученички Парламент,
- Училишен Одбор,
- Совет на Општина Аеродром,
- ДИЦ.

Сумирање на наодите од самоевалуацијата за секое подрачје

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за подрачјето:

1.1 Планирања на наставниците
- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Размена на искуства и на информации при планирањето

1.2 Наставен процес
- Реализација на наставни планови и програми
- Избор на наставни предмети
- Избор на задачи, активности и на ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно
- Реализација на образовна инклузија

1.3 Искуства на учениците од учењето
- Средина и атмосфера за учење
- Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците

1.4 Оценувањето како дел од наставата
- Училишна политика за оценување
- Методи, форми и инструменти на оценување
- Коефициент на континуитет на успехот на учениците
- Користење на информациите од оценувањето во наставата

1.5 Воннаставни активности и натпревари
- Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
- Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности
- Натпревари

До

ООУ,,Блаже Конески“ Скопје

Директор Виолета Ристовска

Предмет:Барање за промена на терминот на користење на годишниот одмор за 2026 година

Почитувани,

Јас Александра А. Белдовска вработена во ООУ,,Блаже Конески“ Скопје на работно место психолог БАРАМ да ми одобрите промена на терминот за користење на годишниот одмор согласно Колективниот договор за основно образование и тоа:

1. Прв дел 10.07.2026
2. Втор дел 07.09.2026

Однапред Ви благодарам за соработката и разбирањето.

Барател

- Одд/предметен наставник
- стручен соработник
- помошно технички кадар
- административен кадар

Одобрил

Директор Виолета Ристовска

Слаби страни

- Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси.
- Целосно опремување на училиштето со смарт табли.
- Поголемо вклучување на учениците во реализација на воннаставните активности(изборот на воннаставните активности да произлегува од реалните потреби и интересите на учениците).
- Бројот на компјутери не ги задоволува потполно потребите за вкупниот број ученици во училиштето.

Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески" – Скопје **Подрачје 1:**
Планирање, настава и учење

Анализа на резултатите (подетална анализа):

Наставно-воспитниот процес се реализира редовно според плановите и програмите донесени од МОН, од страна на стручно оспособен кадар. Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето. Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби, а пак учениците на првите часови на почетокот од учебната година.

На почетокот на секоја учебна година, наставниците доставуваат изработени планирања за сите видови настава. Директорот и стручната служба им даваат поддршка за поефикасно планирање, а според изготвени критериуми за успешно планирање и реализирање на часот, заеднички ги следат и вреднуваат посетените часови. На тој начин во училиштето се оценува работата на наставниците не само во делот на планирањата, туки и во реализацијата на сите видови настава, СУА, потоа преку постигнатиот успех и резултати од учество на натпревари.

Училиштето има делумно капацитет да ги приспособува наставните програми по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според своите интереси и способности. Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари и постигнуваат резултати со кои го афирмираат училиштето. Во училиштето се организираат пригодни програми во кои учествуваат учениците, членови во повеќе секции, меѓутоа потребно е истите да се прилагодат на интересите на учениците со цел повеќе ученици да учествуваат во истите.

Приоритетни подрачја (идни активности):

- Проширување на просторните капацитети (кабинетска настава), инфраструктура(реконструкција на училиштето) и човечки ресурси (недостаток од технички персонал).
- Целосно опремување на училиштето со смарт табли.

Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје **Подрачје 1:**
Планирање, настава и учење

Резултати

Силни страни


- Постои добра комуникација помеѓу наставниците, наставник-ученик-родител.
- Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.
- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој.
- Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења .
- Оценувањето во училиштето е реално, транспарентно и проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.
- Во училиштето учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат.
- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.
- Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место.
- Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здравствените установи.
- Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на потеклото.
- Вработените и учениците заеднички доприносуваат за стекнатиот углед и репутација на училиштето.



Од овие одговори можеме да заклучиме дека 85% од учениците ја користат литература и лектирни изданија од училишната библиотека.




Замалку 90% од учениците дале исказ дека можат да се обратат на било кој од наставниот кадар кога имаат потреба од помош. За жал нешто помалку од 15% делумно или воопшто не се согласуваат со овој став.



Голем процент од учениците се изјасниле дека се слободни да кажат кога е во прашање врсничкото насилство. Сепак според графиконот сеуште има ученици кои не се комотни кога е во прашање врсничкото насилство.



Учениците во голем процент се изјасниле дека училиштето е чисто и уредно. 11.8% од учениците делумно се согласиле со овој исказ.



Нешто повеќе од 88% од учениците се изјасниле дека се информирани за активностите кои ги планира училиштето во следниот период од учебната година. 10.2% делумно се согласни со овој став, а само нешто повеќе од 3 проценти не се сложуваат со овој став.




162 ученици од вкупно 187 одговориле дека сакаат да одат на училиште. 16 од анкетираните делумно сакаат да одат на училиште, но има и такви кои воопшто не сакаат да одат, за среќа нивниот процент е под 5.




Според анкетираните ученици, училиштето навремено ги информирало учениците за последиците доколку не се почитуваат училишните правила. Овие правила ги сфатиле дури 87.2% од испитаниците. 9.6% делумно се согласуваат со овој став, но и минорни 3.2% дале исказ дека не се запознаени со последиците или не се согласуваат со последиците доколку не се почитуваат правилата.



Учениците дале исказ дека генерално имаат еднакви можности за учество во училишните активности. 20 од анкетираните ученици делумно се согласуваат со овој став додека 8 воопшто не се согласни.



Голем процент од учениците се изјасниле дека по сопствен избор се приклучуваат во воннаставните активности. За опцијата делумно согласни за овој став се 12%, а 1.1% не се вклучуваат во воннаставните активности по нивен избор.



89.3% од испитаниците се изјасниле дека нивните родители се континуирано известени за нивниот училиштен успех.



Позитивен е генералниот став дека доколку ученик не може да го совлада материјалот, може да побара наставничка помош за да се совлада истиот.



Голем дел од учениците го гледаат училиштето како безбедна средина во која што се движат. Сумативниот резултат на оние кои одговориле делумно и несигурно дека се чувствуваат е 20 анкетирани од 187 вкупно ученици.



90.4% од учениците се изјасниле дека се поддржани од страна на наставниците за изработка на различни проекти. Има и такви ученици кои делумно или воопшто не се согласни со овој став, а нивната процентуална изразеност е 9.6%.



Во врска со праведноста на оценувањето, 89.3% од учениците се изјасниле дека наставниците прведно оценуваат, додека нешто повеќе од 10% делумно или воопшто не се согласни со праведноста во наставничко оценување.




Во однос на разноликост на начините на проверка на ученичките знаења, учениците во повеќе од 90% се изјасниле дека наставниците користат различни начини на проверка на нивните знаења. Делумно согласни се 7 ученици, додека само 3 ученици не мислат дека наставниците користат различни начини на проверка на нивните знаења.




Според анкетата слободата на прашување на време на часовите е голема, односно за некоја децимала над 90% во позитива. 7% се делумно согласни, додека 4% воопшто не се согласуваат со овој став.

Резултати од анкетата со ученици


Анкетирани се 187 ученици од трето до деветто одделение. Анкетата е пуштена по сите паралелки од трето до деветто одделение, а ова се резултатите од 187 ученици кои одговориле на истата. Прашањата се со право на еден избор.



Голем процент од учениците одговориле дека на часовите имаат можност да учат на различни начини. 13 од вкупниот број анкетирани се согласуваат делумно или воопшто не се согласни со овој став.



Убаво е да се види дека учениците сепак мислат дека наставниците се главен двигател во презентација на содржините од програмата. Скоро 92% мислат дека наставниците ја прават содржината интересна.



Генералната слика е дека учениците сметаат дека сите ученици имаат ист импакт во наставата преку поставување прашања, работа во групи и слично. Минорен е процентот од 2.1 на ученици кои се се согласни со овој став. Ученици кои делумно се согласуваат со овој став се13 ученици.

Повеќето од половина анкетирани родители сметаат дека училиштето ги поттикнува да се вклучат активно во различните активности. делумно согласни се 54 родители, додека 38 од нив воопшто не се согласуваат.





Безмалку 85% од родителите ја користат можноста да разговараат со наставниците за постигнувањата на нивното дете. 24 родители се изјасниле дека делумно се согласни со овој став, додека 9 родители од испитаниците не се сложуваат со овој став.



Скоро ¾ од 219 родители се позитивни на ставот дека наставниците навремено ги имаат запознаено со критериумите за оценување по нивниот предмет. Не смее да се занемари фактот што ¼ од испитаниците се со делумно или воопшто не согласни на овој став.



Нешто повеќе од половина испитаници се согласни дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности. Наспроти нив скоро 13% не се сложуваат со овој став.



159 родители се согласни дека нивното дете е вклучено во воннаставните активности, според нивните интереси. 31 родител делумно се согласува со овој став, додека несогласни се останатите 29 родители.



Родителите генерално мислат дека наставниците ги пофалуваат нивните деца за вложениот труд, што е мотивирачки фактор за наставниците зошто родителите ја сфатиле добрата намера на наставниот кадар кон нивните деца. Не смее да се занемари фактот што нешто повеќе од 16% сеуште не веруваат во наставничката добронамерност.



Позитивен е генерално ставот на родителите во однос на наставничкото насочување на учениците. Сепак, нешто помалку од ¼ од родителите делумно или воопшто не веруваат во овој перманентен процес.



Според резултатите од оваа анкета за родители, тие изјавуваат дека генерално континуирано се известени за постигнувањето на нивното дете. Родители на 26 ученици одговориле дека делумно се известени, додека 17 родители не се континуирано запознаени со успехот на нивното дете.



Радува фактот дека голем процент од родителите увиделе дека сите деца во училиште имаат исти услови. За жал, од 219 родители, сеуште 24 родители се согласуваат делумно или воопшто не се согласуваат со овој став.



Нешто повеќе од 70% или 155 родители се изјасниле дека училиштето го гледаат како мотивирачка средина за нивното дете. 46 родители делумно се согласни со овој став, додека 18 родители не го гледаат училиштето како мотивирачка средина.



Повеќе од ¾ од родителите сметаат дека училиштето е безбедно место за нивното дете. Загрижува фактот што нешто помалку од 1/5 од испитаниците сметаат дека училиштето е делумно безбедна средина, а родители на 15 ученици од нашето училиште не веруваат во безбедноста на училиштето.



Генерално родителите имаат позитивен став за наставниците како и наставничкиот однос кон нивното дете во поглед на постигнување на резултатите. Сепак сумативно нешто повеќе од 15% од испитаниците се делумно или воопшто не се согласиле со овој став.



Во однос на училишната хигиена графиконот е малку пошарен. Нешто помалку од половина родители се задоволни од училишната хигиена. 37.4 % делумно се согласуваат дека училишната хигиена е на високо ниво, додека 16.4 воопшто не се согласуваат со овој став.




Според родителските одговори, во голем дел од родителите се на став дека додатна и дополнителна настава се одржува во училиштата, но скоро 1/3 од испитаниците делумно или воопшто не се согласуваат во ова тврдење.



Позитивен е родителскиот став околу информираноста за редовното пристуство на ученикот за време на учебната година. Сумативно нешто повеќе од 13% делумно или воопшто не се согласуваат со овој став.



Родителите се среќни што можат да придонесат за развој на содржината на кодексот на однесување во училиштето, но не смее да се занемари и процентот од нешто повеќе од ¼ од испитаниците кои се на став дека делумно имаат можност да придонесат за развој на кодексот на однесување.



Повеќе од половина родители избрале дека се согласни дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите според индивидуалните потреби на нивното дете. Наспроти нив скоро 24% делумно се согласуваат со овој став, а негативен одговор имаа 7.3% или 16 акнетирани родители.



Нешто помалку од ¾ од испитаниците се на став дека часовите на наставниците се интересни. 21.5% не се согласуваат во потполност со овој став , додека 9 анкетирани родители не веруваат во тоа дека часовите не нивното дете се презентирани на интересен начин од страна на наставникот.




Радува фактот дека 85% од анкетираните родители се со став дека нивното дете сака да оди на училиште. Има и такви на кои делумно им се оди на училиште што значи дека не сакаат баш секој ден да посетуваат настава, но и 5 деца кои дале исказ дека воопшто не сакаат да одат на училиште.

Резултати од анкетата за родители


Анкетата за родители е пуштена по сите одделенија, со цел да го увидиме родителското мнение врзано со нашето подрачје. На анкетата одговор дадоа 219 родители.




Одговорот на првото прашање на акнетата за родители е во скоро 90% одговорено дека нивното дете ги има сите наставни часови според распоредот. Во опис „делумно се согласувам" се изјасниле само 10.5%.




Голем процент од родителите се запознаени со листата на изборни / слободни предмети и активности што нивното дете може да ги избере согласно училишната понуда. 11.4% се изјасниле дека делумно се запознаени со листата на изборни и слободни предмети, а само 10 испитаници или 4.6% не се согласуваат со ова тврдење.




Во однос на изборот на изборни предмети и активности генералната родителска слика е дека нивното дете ги избира овие активности според неговите интереси. За овој став не се дури 19 анкетирани родители.



Скоро 89% од наставниците дале одговор дека ги поттикнуваат родителите / старателите активно да се вклучат во учнилишните актнивости. Оние кои одговориле дека делумно се согласни искажуваат став дека не сите родители се заинтересирани да се вклучат во училишните активности.



93.4% од наставниците се изјасниле дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со училишната развојна програма, наспроти 6.6% кои на овој исказ се изјасниле со делумна информираност на развојната училишна програма.



Анкетата покажува дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниот кадар и стручната служба.

Идилична е сликата на колегијалност во поглед на соработка во наставниот кадар во нашето училиште. Имено едногласно е гласано дека сите соработуваме меѓусебно.



Наставниците се на став дека учениците се измотивирани од страна на наставниот кадар во поглед на донесување одлуки кои се во нивни интерес.



Не сите наставници се на став дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, меѓутоа во голем процент се сложни со овој анкетен став.





Скоро сите наставници се изјасниле дека можат да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, но дека според поставената образовна дијагностика применуваат дополнителна настава.



Анкетата покажува дека наставниците повеќе можат да идентификуваат деца со потешкотии во учењето отколку деца кои се надарени во поглед на усвојувањето на образовните цели. 8.2% од испитаниците делумно се согласни со овој став од анкетниот прашалник.




Наставниците се согласни дека родителите ја користат можноста да разговараат за постигнувањата на нивното дете по одреден предмет, меѓутоа незанемарливи се оние 12% кои се целосно се сложуваат за родителската посветеност во поглед на образовните постигнувања на нивното дете.




Во голем процент наставниците даваат исказ дека во соработка со родителите им даваат насоки како најдобро да му помогнат на детето да постигне подобри резултати. Оние 4.9% се изјасниле делумно затоа што имаат став дека не сите родители се заинтересирано до толку да се посветат на своето дете во поглед на образовните постигнувања.



Во најголем процент 100% од анкетираните наставници се изјасниле дека ги запознаваат учениците кои цели треба да ги исполнат за да добијат соодветна оценка.




Нешто помалку од сите наставници се изјасниле дека им даваат насоки на учениците како поуспешно да го совладаат материјалот кој се поставува како задача пред нив. Само 1.6% од анкетираните делумно се согласуваат со овој став.



Голем процент од наставниците се изјасниле дека се согласни со моментот дека применуваат различни начини на оценување на учениците. Делумно согласни се нешто помалку од 2% од испитаниците.

Повеќе од 96% од наставниците се изјасниле дека учениците се редовно вклучени во оценувањето преку самооценување , градење кристериуми и слично.. Нешто помалку од 4% делумно се согласни со овој став.



85% од наставниците кажуваат дека реализираат Мултикултурно / Меѓуетничко Интегрирано Образование според претходно направен план. Сумативниот исказ наставниците кои делумно или воопшто не се согласуваат со овој став е нешто помалку од 15%, а нивниот усен став е дека во текот на учебната година реализираат и активности од овој тип кои не се претходно планирани, а се има услови да се реализираат во текот на учебната година.



Иако голем е процентот на наставниците кои дале став дека имаат успешна соработка со образовните асистенти, иако во мал дел има наставници на кои делумно или воопшто не се согласуваат со овој став. Во продлабочен разговор со нив, даваат став дека не сите асистенти се целосно компактни за работа со деца со попреченост и покрај сите сертифицирани подлоги.



Едногласно наставниците се изјасниле дека го пофалуваат ученичкиот труд, објаснувајќи дека тоа е движечка сила кај учениците за постигнување на што поголеми резултати и успеси перспективно.



Наставниците се позитивни за ставот дека интеракцијата е важен сегмент од часот и согласни се со овој став со високи 95.1%. Само 4.9% од наставниците делумно се согласуваат дека ученичката интеракција е фундамент за успех на еден училишен час.




Ова анкетно прашање ни укажува дека висок степен на наставниците се емпатични во поглед на разбирање на проблемите и потребите на учениците. 4.9% делумно се согласуваат со овој став и имаат свој став дека наставниците не секогаш треба и мора да ги разбираат ученичките потреби и проблеми.




Наставниците се со нешто повеќе од 90% став дека учениците во текот на наставата можат да бираат дополнителни задачи или активности по свој избор. Со овој став делумно се согласуваат само 9.8% од испитаниците на оваа анкета.



Само нешто помалку од 4% од наставниците не се сложиле со фактот дека разменуваат искуства за планирањата на часовите два пати во полугодието. Овие искуства се служуваат формално на претходно закажани состаноци на ниво на актив, како и неформално по моментална потреба на одреден наставник.



Скоро сите анкетирани наставници (98.4%) се согласуваат со ставот дека задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Оние кои делумно се согласуваат со овој став своето мислење го изложиле во поглед на воннаставните активности.



Од анкетата може да се забележи дека 98.4% од наставниците имаат став дека користат различни ресурси за учење и настава. Минорни 1.6% од наставниот кадар делумно се согласува со овој исказ.




Наставниците едногласно се изјаснија дека ги поттикнуваат учениците да постават прашања кога нешто не разбираат или сакаат да дознаат повеќе околу материјалот кој се учи. Наставниците ги поттикнуваат да истражуваат за да научат повеќе околу материјалот кој е поставен на програмата за соодветното одделение.

„Доволно" е избраниот одговор на стручната служба на прашањата:


- Колку од учениците се вклучени во воннаставните активности?
- Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА?

Одговорот на стручната служба на последното прашање за потребите на оваа самоевалуација е „Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари? е според претходно постигнатите успеси.

Резултати од анкетата за наставници



Во однос на првото анкетно прашање, наставниците во голем процент се изјасниле дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата, додека само 18% се изјасниле дека делумно се согласуваат со овој став од анкетата.



Во однос на второто анкетно прашање во врска со поддршка од директорот или стручната служба, наставниците се согласни со преку 90% од испитаниците. 9.8% од анкетираните наставници делумно се согласуваат со овој став.

Резултати од анкетата на стручната служба

Анкетата на стручната служба се состоеше од дваесет и едно комбинирано прашање. Анкетата е пополнета од страна на тројца стручни соработници.

Во однос на првото прашање: „ Дали училиштето има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?“, едногласно е одговорено потврдно дека училиштето врши дисеминација на основните обуки.

Во однос на второто прашање: „Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата?“ - стручните соработници едногласно одговориле дека планирањето на наставниците е во рамките на активот.

Во однос на третото прашање: „ Како се дава поддршка за подобрување во процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?“ иако имаше опција за стандардни темплејти, дигитализација, тимско планирање, интеграција со AI алатки, сите стручни соработници се одлучиле за опцијата „друго“.

На прашањето: „Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?“ одговорот на сите членови на стручната служба е „сите“

Стручната служба во целост се согласува со исказот дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Во поглед на ресурсите кои вообичаено ги користат наставниците за реализирање на наставата стручната служба е со поделен став меѓу основните извори на информации одобрени од Министерството за образование и наука и користење на вистински предмети од секојдневието.

Стручната служба е со став дека наставниците од нашето училиште во целост обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови.

Ставот на стручната служба во однос на додатна и дополнителна настава и е дека наставниците ја реализираат според наставен план, но и според потребите на учениците во текот на учебната година.

Тие укажуваат на недостаток на образовни асистенти како предизвик со кој се соочува училишниот инклузивен тим. Исто така во поглед на соработката со надлежниот ресурсен центар и образовните асистенти се на став дека потребна е подобра организација и перспективна соработка.

Во однос на наставните и воннаставните активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години стручната служба дава исказ дека се реализирани активности според поставениот план за работа на училиштето.

Голема шареноликост во одговорите кај стручните соработници има во поглед на прашањето „ Какви методи за оценување се користат?“ - Усна и писмена проверка, практична проверка, проектна работа, самоевалуација, врсничко оценување и др.

Во однос на тоа какви форми и инструменти за оценување се користат, стручната служба се одлучни за формативно, сумативно и дијагностичко оценување.

Во однос на инструментите за оценување стручната служба е на став дека тоа е симбиоза од тестови на знаења, чек листи, анегдотски белешки, портфолио, дневници на учење и др.

Сите анкетирани избрале од 75-100% како формативно оценување кај наставниците. Училишната служба одговара дека родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување, континуирано и транспарентно, преку запознавање на целите.

	Натпревари	Учениците се вклучуваат во воннаставните активности и натпреварите според сопствен избор и желба. Наставниците ги насочуваат, поттикнуваат и подготвуваат учениците за натпревари. Изборот на ученици за натпревар се спроведува преку организација на училишни натпревари на ниво на генерација.

	Користење на информациите од оценувањето во наставата	Според статистиките кои се пополнуваат за секое тримесечје, како и за полугодие и крај на учебната година, се следи коефициентот на континуитетот на постигнатиот успех на учениците.
Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Документи Концепција за воннаставни активности во основното образование, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование **Извори на податоци** Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во согласност со потребите и интересите на учениците и истите им користат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. Во воннаставните активности во нашето училиште опфатени се: екскурзиите, општествено корисната работа (Еко акции, хуманитарни акции), активности поврзани со МИО, ученички парламент, ученичките натпревари. Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, во согласност со правилникот за реализација на ученичките екскурзии и со добиено одобрение од БРО и општината. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет, како и изведувањето на дополнителни, непланирани екскурзии. Пред секое изведување на екскурзија родителите се контактираат (даваат свое мислење) и известуваат за истата преку родителска средба или преку Советот на родители. Општествено корисна работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина и пошироко. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, спроведување на разни еколошки акции кои се однесуваат на здравјето,согласно воспоставените Еко стандарди (обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење), но и со учество во други, надворешно организирани активности, како и хуманитарни акции.
	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	Најголемиот број ученици се опфатени и вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, како и во натпревари. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности и натпревари.

Извори на податоци: Годишна програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава, списоци на ученици кои се вклучени во додатна и дополнителна настава, правилник за оценување и напредување на учениците, интерен правилник за оценување, увид во педагошк а евиденција и документација, користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка		
	Методи, форми и инструменти за оценување	Наставниците имаат посетено обука за унапредување на оценувањето на која се запознале со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување).
	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, итн. Оттука следува дека добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти, а различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Оценувањето е праведно, транспарентно и секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Учениците се вклучуваат во процесот на оценување и преку самооценување и меѓусебно оценување.

	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информатичко-комуникациска технологија, Еко – содржини,антикорупција, МИО. Наставниците следат обуки за спроведување и реализација на МИО во училиштето.

Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Извори на податоци: Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници.	Средина и атмосфера за учење	Учениците сметаат дека во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Голем дел од учениците се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност во процесот на учење, без оглед на полот, националноста и социјалното потекло. Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми.
	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на Учениците	Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. Учениците во поглед на средината на учење сметаат дека им недостасуваат училници кои ќе бидат опремени со компјутер за секое дете и ќе располагаат со поголем број на наставни и нагледни средства.

Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Документи: Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава Критериуми за оценување на постигањата на учениците	Училишна политика за оценување	Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот и во текот на целата учебна година, како и за секоја добиена оценка на приемните денови со родителите.

Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Документи: Концепција за основно образование Концепција за инклузивно образоване Водич за слободни изборни предмети Водич за работа на Училиштен инклузивен тим Упатство за организирање заеднички наставни часови **Извори на податоци**: Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни служби; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања.	Реализација на наставни планови и програми	1.2 Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за додатна, дополнителна и слободните ученички активности. Истите во август ги предаваат во стручната служба на училиштето. Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето, како и слободни ученички активности.
	Избор на наставни предмети	Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план,согласно на Водичот и правилникот за слободни изборни предмети. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.
	Избор на задачи, активности и на ресурси	Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информатичко-комуникациска технологија , Еко – содржини,антикорупција, МИО. Во училиштето се реализира настава со продолжен престој-проширена (за ученици од прво до трето одделение), почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се реализира со учениците од прво до трето одделение, а опфаќа прифаќање на учениците,едукативни активности, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома и средби со родители. Наставниците делумно имаат влијание врз подготвувањето на наставните програми и планови изготвени од МОН и БРО со тоа што тие даваат писмени сугестии и предлози за нивно изменување.
	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Наставниците применуваат разни проекти, истражувачки активности, игри кои ги мотивираат учениците за учење со разбирање. Постои интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и на учениците меѓусебно.
	Реализација на образовна инклузија	Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Истото се прави и при планирањето на дадениот час. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот и дефектологот повремено работат со овие ученици и ги следат. Наставниот кадар, според можностите на децата со посебни потреби, има соработка со асистентите.

Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Документи Наставни планови и програми донесени од МОН Национални стандарди за постигнувања на учениците **Извори на податоци** Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања.	Поддршка и следење на планирањата на наставниците	Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука, и БРО. Наставните планови и програми се планираат во пропишаниот обем, како и истите се следат од страна на стручна служба и директор. Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование
	Размена на искуства и на информации при планирањето	Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми, како и за реализација на вон-наставните активности. Годишната програма се разгледува од страна на наставничкиот совет, а училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината најдоцна до 15 август. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена. Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби и на состаноците на советот на родителите, додека пак учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година. Наставниот кадар ги има приспособено наставните програми по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби, со асистенти и асистивна технологија која е обезбедена. Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Истото се прави и при планирањето на дадениот час. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот и дефектологот работат со овие ученици и ги следат. Во училиштето се планира настава со продолжен престој-проширена (за ученици од прво до трето одделение), почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се планира со учениците од прво до трето одделение, а опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома и средби со родители. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат. На овој начин наставниците си разменуваат искуства, си споделуваат информации и си помагаат при планирањето на наставниот процес.

Самоевалуација на училиштето: ООУ Блаже Конески –Аеродром, Скопје
Подрачје 2: Постигнувања на учениците

Индикатори за квалитет и теми:

2.1 Постигнувања на учениците

- 2.1.1 Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди;
- 2.1.2 Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост;
- 2.1.3. Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците.

2.2 Мерки за подобрување на постигањата на учениците

- 2.2.1 Редовност во наставата
- 2.2.2 Советување родители/старатели и ученици
- 2.2.3 Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

ПОДРАЧЈЕ 2 - ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Индикатор 2. 1. Постигнувања на учениците

Извори на податоци	*Теми по индикатори и информации кои се собрани*
• Одделенски дневници; • Евидентни листови за успех и поведение; • Извештај за успехот и поведението, 2024/2025, 2025/2026, • Прегледи за успех од тримесечје • Полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето • Записници од наставнички совет на училиштето • Записници од стручната служба на училиштето	*2.**1.1. Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди*** Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VIодд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII и IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците. **Преглед на постигнатиот годишен успех на учениците од IV до IX одделение 2024/25** Одличен успех / многу добар успех / добар успех / Доволен успех / Недоволен успех Бр. 551 (91,38%) / Бр. 50 (8,29%) / Бр. 3 (0,50%) / Бр. 0 (0,00%) / Бр. / (/) **Преглед на постигнатиот годишен успех на учениците од IV до IX одделение 2025/26** Одличен успех / многу добар успех / добар успех / Доволен успех / Недоволен успех Бр. 569 (88,08%) / Бр. 71 (10,99%) / Бр. 5 (0,77%) / Бр. / (/) / Бр. / (/) Учениците од I до III одделение се оценети **описно**.

- Анализи на успехот
- Програма за дополнителна и додатна настава
- Годишна програма на училиштето
- Статут на училиштето
- Увид од инспекциски тим
- Дневник на педагог, психолог и дефектолог

АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ – ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ

2025/26 4,90	4,83	4,70	4,78	5,00	5,00	4,98	4,85	4,82	5,00
-0,04	-0,08	-0,16	-0,08	/	/	-0.02	-0.09	+ 0,01	/

VI одд.	МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК	МАТЕМАТИКА	АНГЛИСКИ ЈАЗИК	ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК	ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК	ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ТЕХНИЧКО	ИНФОРМАТИКА	ИСТОРИЈА	ГЕОГРАФИЈА	ГРАѓАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ	ПРИРОДНИ НАУКИ	ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
2024/25 4,86	4,60	4,46	4,94	4, 86	5,00	4,85	4,89	5,00	5,00	4,61	4,94	4,96	4,64	5,00
2025/26 4,85	4,63	4,55	4,64	4,75	4,88	4,80	4,87	5,00	5,00	4,63	5,00	5,00	4,69	5,00
-0,01	+0,03	+0,09	-0,30	-0,11	-0,12	-0,05	-0,02	/	/	+0,02	+0,06	+0,04	+0,05	/

VII одд.	МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК	МАТЕМАТИКА	АНГЛИСКИ ЈАЗИК	ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК	ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК	ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ИНФОРМАТИКА	ИСТОРИЈА	ГЕОГРАФИЈА	ЕТИКА	БИОЛОГИЈА	ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	Хемија	Физика	Граѓанско	Техничко образование
2024/25 4,85	4,72	4,43	4,79	4, 84	4,79	4,94	4,88	4,67	4,69	4,94	4,90	4,93	5,00				
2025/26 4,76	4,46	4,33	4,82	4,64	4,82	4,80	4,93	5,00	4,37	5,00	4,90	4,71	4,98	4,50	4,35	4,90	5,00
-0,09	-0,26	-0,10	+0,03	-0,2	+0,03	-0,14	+0,05	+0,33	-0,02	+0,06	/	-0,22	-0,02				

VIII одд.	МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК	МАТЕМАТИКА	АНГЛИСКИ ЈАЗИК	ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК	ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК	ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ФИЗИКА	ХЕМИЈА	ИСТОРИЈА	ГЕОГРАФИЈА	ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ	БИОЛОГИЈА	ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ				
2024/25 4,68	4,73	4,52	4,71	4, 68	4,54	4,84	4,80	4,37	4,48	4,52	4,57	4,72	4,67	5,00				
2025/26 4,77	4,59	4,44	4,75	4,84	4,77	4,87	4,92	4,39	4,36	4,78	5,00	4,84	4,84	5,00				
+0,09	-0,14	-0,08	+0,04	+0,16	+0,23	+0,03	+0,12	+0,02	-0,12	+0,26	+0,43	+0,12	+0,17	/				

IX одд.	МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК	МАТЕМАТИКА	АНГЛИСКИ ЈАЗИК	ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК	ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК	ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ФИЗИКА	ХЕМИЈА	ИСТОРИЈА	ГЕОГРАФИЈА	ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ	БИОЛОГИЈА	ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ИНОВАЦИИ
2024/25 4,82	4,88	4,58	4,90	4, 79	5,00	4,87	4,86	4,52	4,61	4,62	4,89	4,76	4,84	5,00	4,92
2025/26 4,81	4,80	4,70	4,79	4,86	4,73	4,85	4,92	4,55	4,63	4,76	4,86	4,93	4,79	5,00	4,85
-0,01	-0,08	+0,12	-0,11	+0 07	-0,27	+0,02	+0,06	+0,03	+0,02	+0,14	-0,03	+0,17	-0,05	/	-0,07

АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ - ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

IV одд.	ЦРТАЊЕ , СЛИКАЊЕ, ВАЈАРСТВО	ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ
2024/25	5,00	5,00
2025/26	4,96	4,98

	-0,04	-0,02

V одд.	Танци и народни ора	Разрешување на конфликти
2024/25	5,00	5,00
2025/26	4,91	5,00
	-0,09	/

VI одд.		
2024/25	5,00 - ФИЛОЗОФИЈА СО ДЕЦА	5,00 - АНТИЧКА КЛАСИЧНА КУЛТУРА
2025/26	5,00 - ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ	

VII одд.	
2024/25	4,89 -ПРОЕКТИ ОД ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
2024/25	5,00 - ПЧЕЛИТЕ И НИВНАТА УЛОГА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
2025/26	4,99 - ПЧЕЛИТЕ И НИВНАТА УЛОГА ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
	-0,01
2025/26	4,96- ВОВЕДУВАЊЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

VIII одд.	ВЕШТИНИ НА ЖИВЕЕЊЕ
2024/25	5,00
2025/26	5,00
	/

IX одд.	ПРОЕКТИ ОД МУЗИКАТА
2024/25	4,97
2025/26	5,00
	+0,03
2025/26	5, 00 - СПОРТ

Споредбен успех на учениците по генерации од IV до IX одделение

учебна година	Општ успех	IV одд	V одд	VI одд	VII одд	VIII одд	IX одд	Среден успех
2024/25	Општ успех	4,90	4,94	4,86	4,78	4,85	4,68	**4,85**
2025/26	Општ успех	4,90	4,90	4,85	4,76	4,77	4,81	**4,85**

Споредба на успехот во текот на последните две години (од IV до IX одд.)

Учебна година	Среден успех
2024/25	**4,85**
2025/26	**4,85**

Во последните две учебни години нема ученик што ја повторил учебната година.
Што се однесува до средниот успех по паралелки не се забележуваат поголеми статистички разлики, постои само мала тенденција на зголемување или намалување во зависност од паралелката на општиот успех на учениците.
Постигнувањата на учениците се следат по наставни предмети и класификациони периоди,не се забележуваат поголеми статистички разлики, постои само мала тенденција на зголемување или намалување во зависност од наставниот предмет .
Во поглед на пристапот на наставникот кон учениците,следење и евидентирање на напредокот на учениците спроведена е анкета со наставници.

Податок-Прашалник за наставници
Анкетирани се 43 наставници. Според добиените резултати:
97,7% од наставниците се согласуваат дека го следат и евидентираат напредокот на секој ученик. 0% се согласуваат дека анализите на успехот на учениците по квартали (за секое тримесечје) можат да придонесат за подобрување на успехот во тековната учебна година, а 2,3% делумно се согласуваат со ова тврдење.

Со тврдењето дека при планирањето на наставните содржини, од голема корист се резултатите од извештајот за успех и поведение на учениците од претходната година, се согласуваат 86% од наставниците, 14% делумно се согласуваат, а 0 % од наставниците не се согласуваат со тврдењето.

Дека индивидуалниот пристап кон секој ученик влијае врз постигнатиот успех ,се согласуваат 90,7%, делумно 7% од наставници-те, а 2,3% не се согласуваат со тврдењето.

97,7% од наставниците се согласуваат дека на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања, 2,3% не се согласуваат.

88,4% од наставниците се согласуваат дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, 9,3% делумно се согласуваат, 2,3% не се согласуваат.

95,3% од наставниците се согласуваат дека им даваат насоки на учениците како поуспешно да учат, не се согласуваат 4,7%.

- Анкети со

93% од наставниците се согласуваат со тврдењето дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да

наставници,родители и ученици	му помогнат на нивното дете во учењето, додека 4,7% од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето, 2,3 % не се согласуваат. 93% од наставниците се согласуваат дека редовно ги известуваат родителите за постигнувањата на нивното дете на училиште (не само на полугодие и крај на година), а 7% делумно се согласуваат со тврдењето. 79,1% од наставниците се согласуваат дека голем број на родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети, 18,6% делумно се согласуваат и 2,3% не се согласуваат со тврдењето. На прашањето кога ги оценуваат учениците, 16,3% од наставниците се изјасниле- после секоја тема, 79,1% од наставниците се изјасниле секојдневно и континуирано, а 2,3% се изјасниле после секоја тема и секојдневно и контитуирано, 2,3 повремено и ретко. ***2.1.2 Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост*** Идентификацијата на учениците со потешкотии, со посебни образовни потреби и надарени ученици се одвива во текот на наставниот процес односно уште од запишувањерто на учениците во прво одделение преку нивно набљудување. Учениците со потешкотии во учењето, во наставата најнапред ги идентификуваат самите наставници потоа во соработка со стручна служба се планира, организира и реализира работата на овие ученици кои добиваат помош во својот напредок и развој согласно нивните потреби, интереси. Со учениците со ПОП во соработка со наставниците и нивните родители работи дефектологот. За некои од нив се изработува и ИОП и се обезбедуваат образовни асистенти. **Интервју со тимот за надарени и талентирани ученици.** ***1.***Дали е формиран тим за препознавање на надарени и талентирани ученици во училиштето? Кој се носителите на тимот? • По првото прашање сите интервјуирани се изјаснија дека е формиран тим кој вбројува пет члена, а носител на тимот е психологот на училиштето. ***2.***Вие како дел од тимот со кои ресурси располагате за да помогнете во работата со надарени и талентирани ученици? • По ова прашање членовите се изјаснија дека се користат различни ресурси во зависност од надареноста или талентираноста на ученикот т.е. зависи од областа-предметот кој е опфатен. Ресурси: пишани материјали, хартија, печатач,четки, бои, збирки, технички материјали, спортски реквизити. ***3***. Постои ли процедура за идентификација на ученици кои се надарени или талентирани во учењето? (На кој начин...?)

Интервјуа со стручни соработници Записници од советувања на родители/старатели и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.	• По ова прашање тимот беше едногласен, дека тимот внимава на односот со вработените и за да се запази процедурата првенствено се води разговор со наставниот кадар и закажана е обука за наставниот кадар која ќе се реализира во август,,Методи, стратегии и техники за работа со надарени и талентирани ученици". ***4.*** Дали имате изработено мерни инструменти или некој друг модел на индикатори за да може да се утврди видот на надареноста односно талентираноста на учениците? За успешно водење и препознавање на надарени талентирани ученици секако се потребни мерни инструменти или пак индикатори, затоа тимот беше согласен во неколку точки по ова прашање: • Индикатор за успешност; • Одржани состаноци на тимот; • Применети инструменти за идентификација; • Прашалник за ученик, прашалник за родител, прашалник за наставник; • Изготвени и реализирани програми за надарени и талентирани ученици; • Досие за надарени и талентирани ученици. ***5.***Дали учениците редовно се следат во нивниот напредок од страна на формираниот тим? ➢ (Со самата идентификација и евидентирање на учениците потребно е да има редовно следење. Дали следењето на работата на овие ученици е пропратено од сите членови во тимот?) • Членови од тимот редовно ја следат работата на надарените и талентирани ученици: Психологот дава психолошка подршка за градење самодоверба, помага во делот за намалување на анксиозноста, за развивање на социјални вештини.Педагогот работи на делот за совладување на наставниот материјал преку одредени методи и техники. Наставникот секојдневно работи на градење на самодовербата и преку разноразни техники и методи на часови по додатна настава го поттикнува и бодри ученикот за да продолжи да се докажува во својата талентираност или надареност. ***6.***Дали тимот е во редовен контакт со родителите на овие ученици и дали взаемно ги потикнуваат и мотивираат учениците? • Да, се разбира. ***6.1.***На кој начин ги мотивирате учениците да продолжат да се докажуваат во одредени области од нивното образование? (Директор) • Со чести пофалби и објавување на успехот на социјалните медиуми, со пофалници, со одредени литературни дела кои се обезбедени од ,,Фонд за надарени и талентирани ученици". ***7.*** Дали е формиран Фонд за надарени и талентирани ученици во училиштето? Наведете примери? • Во годишното планирање на училиштето се предвидува Фонд за надарени и талентирани ученици во училиштето. ***8.*** На кој начин тимот работи со надарените ученици ? • Индивидуално ➢ Дали има изработено посеба програма ? • Да се разбира, програмите ги изработува наставникот и следени се од тимот за надарени и талентирани

ученици

- Прилози: Дали имате изработка на примери за вакви планирања?
  - Да, прилози се изработките и проектите.
- Докази: Реализирање на планирањата во пракса;
  - Во додатна програма има идентификациони листи, постои План за евалуација на акционен план за надарени и талентирани ученици
- Стандардизирање
  - Постојат стандардизирани пишани материјали.

Заклучок:
Во училиштето се води сметка за надарените и талентирани учениците со цел да се мотивираат и да се гради самодовербата. Училиштето врши идентификација на талентираните и надарени ученици преку следење на напредокот на учениците, преку набљудување и проценка од страна на одделенските раководители, предметните наставници и стручната служба. Преку разговори со родителите.
За надарените ученици се работи на додатната настава и најдобрите ученици го претставуваат училиштето на општински, регионални, државни натпревари. Наставниците во наставниот процес користат разновидни техники и ИКТ за да ги постигнат предвидените цели. Наставниците и тимот за надарени и талентирани ученици користат различни инструменти и методи.Наставните средства со кои располагаат ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за наставата.
Во годишното планирање на училиштето се предвидува Фонд за надарени и талентирани ученици во училиштето. Секој наставен предмет ги има неопходните помагала за работа, стручни литератури, енциклопедии.

Извештај од дискусија на фокус група на родители на ученици со ПОП
Подобрување на постигнувањата на учениците со ПОП

На дискусијата со фокус групата на родители на ученици со ПОП учествуваа 9 родители. Од вкупно 15 (24/25 учебна година), 19 (25/26 учебна година), ученици со ПОП кои имаат документи од релевантна институција, во примерокот за фокус групата се опфатени вкупно 9 (50%). На истата разговаравме за теми поврзани со наставата и постигањата на учениците. Оваа дискусија понуди доволно информации кои можат да се искористат за подобрување на квалитетот на образованието во нашето училиште и подобра поддршка на успехот на учениците. На дискуцијата беше разговарано на следните прашања.

Од кого добивате информации за поситигнувањата на вашето дете?

• Фокус групата на родители на ученици со ПОП	• Од вкупно 9 родители сите се изјаснија дека информациите за постигнувањата на нивното дете ги добиваат од наставникот и на состанокот на инклузивниот тим за ученик. Колку детето е задоволно со постигнувањата во училиште? Колку сака да оди на училиште? • Од вкупно 9 родители, 6 се изјаснија дека нивното дете е задоволно од постигнувањата во училиште, 2 ученика кои работат по модифицирана програма не покажуваат особен интерес кон неговите постигнувања и 1 ученик смета дека покажува индиферентен став кон постигнувањата. Од информациите кои ги имате, колку сметате дека наставниците успешно ја прилагодуваат наставата (материјалот) на потребите и можностите на вашето дете? • Од вкупно 9 родители, 7 родители чии деца работат по ИОП и модифицирана програма сметаат дека истите се добро прилагодени на способностите на нивните деца, 2 родители чие дете во учебната 2024-2025 работеше по Модифицирана програма сметаат дека наставата е делумно прилагодена на способностите на нивните деца. Кој учествува во прилагодувањето? • Сите 9 родители сметаат дека во прилагодувањето учествуваат наставниците кои предаваат. 9 родители чии деца работат по ИОП и модифицирана прогрма сметаат дека и инклузивниот тим и образовните асистенти се вклучени во прилагодувањето. Колку на вашето дете му е потребна дополнителна помош за учење и постигнување на очекуваните резултати • Сите 9 родители се изјаснија дека нивните деца имаат потреба од дополнителна помош за учење. Дали како родители сте вклучени во изработката на прилагодената програма? • Сите 9 родители чие дете работи по прилагодена програма ИОП и модифицирана програма сметаат дека се вклучени во изработката. Дали како родители сте вклучени во ревидирање и евалуација на прилагодените програми? • Сите 9 родители чие дете работи по прилагодена програма ИОП и модифицирана програма сметаат дека се вклучени во ревидирање и евалуација на прилагодените програми. Колку сте задоволни од информациите кои ги добивате од страна на училиштето за вашето дете? • Сите 9 родители се задоволни од информациите кои ги добиваат од стана на училиштето.

Педагошко-психолошка служба, досиеја на ученици со ПОП Интервју со педагог / психолог на училиштето Интервју со наставниот кадар Записници од советувања на родители/старатели	На кои начини ве информираат за постигањата на вашето дете? Колку добивате совети за начините за подобрување на успехот? (доколку има потреба) • Родителите истакнаа дека за постигнувањата на нивното дете се информирани преку евидентните листови, и во разговор со одделенските и класните раководители од кои и добиваат совети за начините на подобрување на успехот, како и инклузивниот тим за ученикот. Од какви наставни материјали најчесто учи вашето дете (на пр. учебници, тетратка, дополнителна литература, интернет, видеа, списанија, енциклопедии)? • 9 родители чии деца работат според ИОП и модифицирана програма сметаат дека нивните деца работат според прилагодени/ адаптирани наставни средства и материјали, а останатите тројца сметаат дека нивните деца работат со користење на учебници и тетратки. Колку училиштето ве вклучува / ве поттикнува да се вклучите во активностите кои ги спроведува? (доколку одговорот е да) - Во какви активности сте биле вклучени и кои биле ефектите? • 7 родители кои се вклучени во училишниот инклузивен тим сметаат дека се целосно вклучени во активностите кои ги спроведува истиот што придонесуваат са совладување на наставниот план и програм за учениците со ПОП и подобрување на училишната инклузивна клима, а останатите сметаат дека се делумно вклучени во активностите на инклузивниот тим на училиштето. Дали сакате да додадете уште нешто за што не разговаравме, а сметате дека е важно? • Сите 9 родители сметаат дека се е опфатено во дискусијата
Интервју со тимот за надарени и талентирани ученици.	**Заклучок:** По направената анализа од информациите од дискусијата се донесе заклучок дека родителите присутни на фокус групата за ученици со ПОП констатираа дека училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим за ученик како и наставниците, образовните асистенти и родителите се вклучени во подобрувањето на постигнувањата на учениците со ПОП и родителите целосно се информирани за постигнувањата и успехот на нивните деца.
Анкета со родители	***2.1.3. Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците.*** Родителите редовно се известуваат за постигнувањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и отворени денови, со увид на евидентни листови за успех и поведение на учениците и преку електронскиот дневник

Податок-Прашалник за родители
Анкетирани се 246 родители. Според добиените резултати:

65,2,% од родителите се согласуваат дека родителските средби се добро организирани и на нив се пренесуваат корисни информации за постигањата на учениците, а 17,1% од родителите делумно се согласуваат со тврдењето, не се согласуваат 7,7%.

86,6% од родителите се согласуваат со тврдењето дека индивидуалните родителски средби се корисни за пренесување информации во врска со постигањата на учениците, а 8,5% делумно се согласуваат, не се согласуваат 4,9%.

74,6% од родителите се согласуваат дека индивидуалните средби помеѓу родителите и стручните соработници се од големо значење,11,4% делумно се согласуваат и 4,1% од родителите не се согласуваат со тврдењето.

77,6% од родителите се согласуваат дека ажурирањето на веб страницата на училиштето овозможува навремен пристап до информации за постигнати успеси на натпревари и реализирани воннаставни активности, 17,5% делумно се согласуваат, а 4,9% од родителите не се согласуваат со тврдењето.

65,4% од родителите се согласуваат дека на нивното дете, во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. 18,7% од родителите делумно се се согласуваат, а 15,9% не се согласуваат со тврдењето.

65,4% од родителите се согласуваат дека наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет. 19,5% од родителите делумно се се согласуваат, а 15% не се согласуваат со тврдењето.

68,3% од родителите се согласуваат дека наставниците му даваат насоки на нивното дете за постигнатите резултати, 20,3% од родителите делумно се се согласуваат, а 11,4% не се согласуваат со тврдењето.

76,4% од родителите се согласуваат дека наставниците го пофалуваат нивното дете како подобро да учи, 17,5% од родителите делумно се се согласуваат, а 6,1% не се согласуваат со тврдењето.

На прашањето- Кои форми се најсоодветни за навремено известување на родителите во врска со напредокот и постигањата на учениците?

26,8% одговориле преку евидентни листови на општи родителски средби; 52,4% одговориле преку индивидуални разговори со наставници, 2,4% одговориле преку индивидуални средби со стручни соработници и директор; 18.3% одговориле преку пристап во едневник.


73,2% од родителите се согласуваат дека редовно се известени за постигнувањата на нивното дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) , 17,1% од родителите делумно се согласуваат, а 9,8% не се согласуваат со тврдењето.

Триангулација- Споредување (вкрстување) на податоци од ист вид инструмент со различни целни групи-Анкета со ученици и анкета со родители

Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет.

Copy chart


246 responses



Триангулација- Споредување (вкрстување) на податоци од ист вид инструмент со различни целни групи -Анкета со ученици,анкета со родители и анкета со наставници.

Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)

246 одговорија



Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата на учениците

Извори на податоци	*Теми по индикатори и информации кои се собрани*
• Записници од наставнички совет на училиштето; • Записници од стручната служба на училиштето; • Записници од средби со родители; • Програма за дополнителна и додатна настава; • Годишна програма на училиштето; • Статут на училиштето;	***2.2.1 Редовност во наставата.*** Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според пол, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за намалување на отсуствата од настава. Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија постојат идентификувани поединци – ученици кои се повеќе подложни на отсуство од училиште поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етничка, ниту од економска природа, а треба да се спомне дека одделни ученици отсуствуваат на првите часови поради доцнење.

Годишен преглед на изостаноци по одделенија за 2024/25 година:

Изостаноци	I одд.	II одд	III одд	IV одд	V одд	VI одд	VII одд	VIII одд	IX одд	Вкупно
Оправдани	**1993**	**2216**	**1276**	**1122**	**725**	**3316**	**4010**	**2864**	**4114**	21 696
Неоправдани	/	/	/	/	/	**8**	**32**	**57**	**105**	202
Вкупно	**1993**	**2216**	**1276**	**1122**	**725**	**3324**	**4042**	**2921**	**4219**	**21 898**

Годишен преглед на изостаноци по одделенија за 2025/26 година:

Изостаноци	I одд.	II одд	III одд	IV одд	V одд	VI одд	VII одд	VIII одд	IX одд	Вкупно
Оправдани	**435**	**1424**	**452**	**692**	**854**	**909**	**586**	**802**	**706**	**6887**
Неоправдани	/	/	/	/	/	**29**	**10**	**61**	**66**	**166**
Вкупно	**435**	**1424**	**452**	**692**	**854**	**938**	**596**	**863**	**772**	**7053**

Годишен извештај за изостаноци според пол за учебната 2024/25 и 2025/26

Изостаноци **2024/25**	машки	женски	Изостаноци **2025/26**	машки	женски
Оправдани	**11 683**	**10 013**	Оправдани	**3144**	**3743**
Неоправдани	**119**	**83**	Неоправдани	**80**	**86**
Вкупно	**11 802**	**10 096**	Вкупно	**3224**	**3829**

Редовност по учебни години:

Изостаноци	**2024/25**	**2025/26**
Оправдани	21 696	6887
Неоправдани	202	166
Вкупно	**21 898**	**7053**

Од горенаведеното може да се види дека бројот на оправданите и неправданите

изостаноци на учениците во 2024/25 во однос на 2025/26 е намлен, има опаѓање на бројот на оправданите и неоправданите изостаноци во споредба со изминатата година. Изостанувањата најчесто се должат на подолготрајнио отсуство поради здравствени причини. Што се однесува до половата припадност евидентно е дека женските ученици имаат поголем број на изостаноци.
Со овие податоци запознаен е Наставничкиот совет, Одделенскиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор.Навремено се преземаат конкретни мерки и активности како повикување на родители на разговор од страна на наставниците, разговори и советодавна работа со стручна служба кај оние ученици кај кој се забелажани неоправдани изостаноци.

2.2.2 Советување родители/старатели и ученици

Намален успех, несооднетно однесување и бројот на неоправданите изостаноци во изминатите две години се намалува и благодарение на преземените мерки:


- Разговор со ученици за идентификување на причините за намален успех од страна на психологот ;
- Позитивна мотивација на ученикот за совладување на наставниот материјал ;
- Објаснување на методи и техники на учење на учениците од страна на наставниците и психологот;
- Разговот со ученик/ци за детектирање на причините за несоодветно однесување;
- Советување на родители/старатели и ученици за несоодветно однесување на ученици;
- Индивидуална работа на психологот со ученикот кој има несоодветно однесување;
- Реализирање работилници во паралелка на тема разрешување на конфликти;
- Превенција и интервенција на мегуврснички насилство;
- Соработка со релевантни институции (Оддел за малолетничка деликвенција, Центар за социјална работа);
- Советување на родителите на учениците кои имаат над 10 неоправдани од страна на психологот во училиштето;
- Советување на учениците кои изостануваат од настава од страна на психологот;
- Индивидуални средби со родителите од страна на наставниците и стручната служба;
- Редовно следење и евидентирање на изостаноците на учениците од страна на наставниците и стручната служба
- Примена на педагошки мерки за несоодветно однесување и нередовна посета на настава.

- Записници од средби со родители
- Евидентни листи за советување на родители и ученици од психолог

2.2.3 Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна и додатна настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Во училиштето се реализира дополнителна настава со учениците кои имаат недоволни оценки по предметите и тоа најмалку

Дневници и извештаи на одделенските раководители	4 часа во текот на месецот која ученикот треба да ја посетува со претходна согласност од родителот. За подобрување на постигањата на учениците во наставата се организираат ученички натпревари, учениците земаат учество на различни конкурси, се организираат ученички екскурзии од наставно рекреативен карактер. Се врши советување на ученици и родители кои послабо напредуваат, имаат негативни оценки, несоодветно се однесуваат во училиштето или изостануваат од настава. Се одржуваат работилници и предавања на тема стилови на родителство, техники на учење, мотивација, успешна комуникација и сл. Се изведува индивидуално и групно советување на учениците.
Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. Анкета со ученици	**Податок-Прашалник за ученици** Анкетирани се 167 ученици по случаен избор. Според добиените резултати: 75,4% од учениците се согласуваат дека наставниците им даваат насоки што ќе оценуваат и како ќе ги оценуваат по наставни предмети, 18,6% од учениците делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат со тврдењето. 78,4% од учениците се согласуваат дека доколку не знаат нешто на часовите, можат слободно да ги прашаат наставниците, 15,6% од учениците делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат со тврдењето. 70,7% од учениците се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување, 23,4% од учениците делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат со тврдењето. 64,1% од учениците се согласуваат дека доколку не можат да го совладаат материјалот, на нивно барање, наставниците им организираат дополнителна настава, 23,4% од учениците делумно се согласуваат, а 12,6% не се согласуваат со тврдењето. 80,2 % од учениците се согласуваат дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различни начини, 16,8% од учениците делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат со тврдењето. 76,6% од учениците се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, 16,8% од учениците делумно се согласуваат, а 6,6% не се согласуваат со тврдењето. 73,7% од учениците се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивните резултати, 19,8% од учениците делумно се согласуваат, а 6,6% не се согласуваат со тврдењето. 88,6% од учениците се согласуваат дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.), 7,2% од учениците делумно се согласуваат, а 4,2% не се согласуваат со тврдењето. 73,1% од учениците се задоволни од постигнатиот успех во паралелката, 22,2% од учениците делумно се задоволни, а 4,8% не се задоволни од постигнатиот успех во паралелката. Триангулација- Споредување (вкрстување) на податоци од ист вид инструмент со различни целни групи-Анкета со ученици и анкета со родители.



Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека 64,1% од учениците и 65,4% од родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и и индивидуаилизиран контакт со наставникот , 23,4 % од учениците и 18,7 % од родителите се делумно задоволни од реализацијата на дополнителната настава, а 12,6% од учениците и 15,9%од родителите се делумно незадоволни од реализацијата на дополнителната настава

Област 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Опис/ резиме на подрачјето

- Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците.Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VIодд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII и IX одд. се оценуваат со бројчани оценки.Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.Идентификацијата на учениците со потешкотии, со посебни образовни потреби и надарени ученици се одвива во текот на наставниот процес односно уште од запишувањерто на учениците во прво одделение преку нивно набљудување. Родителите редовно се известуваат за постигнувањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и отворени денови, со увид на евидентни листови за успех и поведение на учениците и преку електронскиот дневник.Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според пол, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за намалување на отсуствата од настава.Советување родители/старатели и ученици се организира кога учениците манифестираат

намален успех, несооднетно однесување, неоправдани изостаноци.Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна и додатна настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава.

2. Силни страни

- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок, организира додатна настава за да им овозможи на надарените ученици да ги развиваат своите потенцијали.

3. Слаби страни

- Училиштето има јасно утврден распоред и план за реализација на дополнителна настава, но не сите поканети ученици ја посетуваат. Потребно е да се унапреди мотивацијата и ангажираноста кај учениците со цел да се обезбеди поголема ефикасност и поквалитетна реализација на истата.

4. Приоритети

- Подобрување на мотивацијата и поддршката на учениците со послаб успех преку примена на соодветни методи и активности што поттикнуваат активно учество и интерес за учење. Исто така потребна е и поголема вклученост на родителите во процесот, иако добиваат известување за истото.

Почитувани родители/старатели,

Нашето училиште спроведува самоевалуација на квалитетот на работата на училиштето за период од претходните две учебни години од __2024 до __2026 година. За таа цел, замолуваме да го споделите со нас вашето мислење за различните аспекти на работа на училиштето, преку пополнување на следниот прашалник. Важно е да го слушнеме вашето мислење, бидејќи на тој начин ќе можеме подетално да ја согледаме состојбата во училиштето, резултатите, успесите, но и предизвиците со кои се соочувате. Сето тоа ќе претставува добра основа за успешна самоевалуација, сеопфатен извештај кој реално ќе ја отсликува работата училиштето со препораки за понатамошно унапредување на образовниот процес во училиштето.

- Прочитајте го секој исказ и заокружете ја буквата која најдобро го одразува вашиот степен на согласување. Буквите ги означуваат следните степени на согласување: а) Се согласувам, б) Делумно се согласувам, в) Не се согласувам.
- Ве молиме одговорите да ги забележувате со пенкало.

Прашалник за родители/старатели

Кое одделение е вашето дете/деца? Ве молиме обележете.

I ☐ II ☐ III ☐ IV ☐ V ☐ VI ☐ VII ☐ VIII ☐ IX ☐

(Ве молиме обележете со заокружување на буквата)

2.1 Родителските средби се добро организирани и на нив се пренесуваат корисни информации за постигањата на учениците.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.2 Индивидуалните родителски средби се корисни за пренесување информации во врска со постигањата на учениците.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.3 Индивидуалните средби помеѓу родителите и стручните соработници се од големо значење.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.4 Ажурирањето на веб страницата на училиштето овозможува навремен пристап до информации за постигнати успеси на натпревари и реализирани воннаставни активности.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.5 На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.6 Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.7 Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.8 Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати.

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.9 Кои форми се најсоодветни за навремено известување на родителите во врска со напредокот и постигањата на учениците? (Може повеќе одговори)

а) Преку евидентни листови на општи родителски средби;
б) Индивидуални разговори со наставници;
в) Индивидуални средби со стручни соработници и директор;
г) Преку пристап во е-дневник.

2.9 Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај
на година)

а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

Ви благодариме што го споделивте вашето мислење!

Почитувани наставници.
Нашето училиште спроведува самоевалуација на квалитетот на работата на училиштето за период о претходните две учебни години од 2024 до 2026 година. За таа цел, потребно е да го споделите с нас вашето мислење за различните аспекти на работа на училиштето, преку пополнување н следниот прашалник. Важно е да се слушне вашето мислење, бидејќи на тој начин ќе можем подетално да ја согледаме состојбата во училиштето, резултатите, успесите, но и предизвиците с кои се соочуваме. Сето тоа ќе претставува добра основа за успешна самоевалуација, сеопфате извештај кој реално ќе ја отсликува работата училиштето со препораки за понатамошно унапредување на образовниот процес во училиштето.

- Прочитајте го секој исказ и заокружете ја буквата која најдобро го одразува вашиот степен на согласување. Броевите ги означуваат следните степени на согласување: а) Се согласувам, б) Делумно се согласувам, в) Не се согласувам.

Прашалник за наставници

2.1 Го следам и евидентирам напредокот на секој ученик.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.2 Анализите на успехот на учениците по квартали (за секое тримесечје) можат да придонесат за подобрување на успехот во тековната учебна година.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.3 При планирањето на наставните содржини, од голема корист се резултатите од извештајот за успех и поведение на учениците од претходната година.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.4 Индивидуалниот пристап кон секој ученик влијае врз постигнатиот успех.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.5 На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.6 Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.7 На учениците им давам насоки како поуспешно да учат.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.8 На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.
а а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

2.9 Родителите редовно ги известувам за постигнувањата на нивното дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам

.10 Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по ојот
предмет/предмети
) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
.11 Кога ги оценувате учениците? (Може повеќе одговори)
а) По секоја тема
б) Секојдневно и континуирано
в) Повремено и ретко

Ви благодариме што го споделивте вашето мислење!

Почитувани ученику/ученичке,
Нашето училиште спроведува самоевалуација на квалитетот на работата на училиштето за период од претходните две учебни години од __2024 до__2026 година Целта е да се придонесе за уште подобро работење на училиштето. Твоето мислење за училиштето е важно и затоа те молиме искрено да одговориш колку се согласуваш со исказите во продолжение. На тој начин, ќе можеме да испланираме начини за подобрување на работата на училиштето и пријатен престој на учениците во него.

- Прочитај го внимателно секој исказ и заокружи ја буквата пред одговорот што најмногу одговара на она што го мислиш. Буквите ги означуваат следните степени на согласување: а) Се согласувам, б) Делумно се согласувам, в) Не се согласувам.
- Одговорите забележи ги со пенкало

Прашалник за ученици


2.1. Наставниците ми даваат насоки што ќе оценуваат и како ќе ме оценуваат по наставни предмети.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.2. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.3. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.44 Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.5 Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.6 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.7 Наставниците ме пофалуваат за мојот труд.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.8 Наставниците ме пофалуваат за моите резултати.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.9 Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам
2.10 Задоволен сум од постигнатиот успех во паралелката.
а) Се согласувам б) Делумно се согласувам в) Не се согласувам


Ти благодариме што одговори на прашањата!

Самоевалуација на училиштето: ООУ Блаже Конески, Скопје

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето


Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
➢ Кодекс на однесување; ➢ Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; ➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; ➢ Статут на	Углед/имиџ на училиштето	Спроведена е анкета помеѓу 139 родители по случаен избор и од предметна и од одделенска настава, анкета помеѓу 222 ученици и 62 наставници. Во однос на угледот на училиштето се изјаснија на следниов начин. **77.9% од учениците** се изјасниле дека се согласуваат со изјавата дека во ова училиште *Наставниците очекуваат знаење* од нив, а **91.9%** од анкетираните ученици се изјасниле дека *наставниците очекуваат дисциплина*. **82,7% од родителите** се согласуваат со изјавата дека *наставниците го поттикнуваат нивното дете на учење* а **78.4%** се согласуваат дека *децата и наставниците се почитуваат меѓусебно*. **90,3% од анкетираните наставници** се согласуваат потполно со изјавата дека *Училишното раководство е посветено на унапредување на работатата на училиштето*. **85,5%** ја чувствуваат *поддршката на училишното раководство во нивната работа*; **79%** сметаат дека *во ова училиште се цени работата и залагањето на наставниците*. Училиштето има воспоставен куќен ред кој се почитува од учениците, вработените и родителите. Како и кодекс на облекување (задолжително носење униформа) кој се спроведува редовно и е контролиран од комисија за носење на униформи.


училиштето; куќен ред на училиштето; ➢ Пофалби, награди, признанија и др.; ➢ Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; ➢ Решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; ➢ Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;		
	Кодекс на однесување	**85,1% од учениците** целосно се согласуваат со изјавата *Познати ни се правилата на однесување во училиштето.* ***79,3%* од учениците** се согласуваат со изјавата *Познати ни се последиците и педагошките мерки кои се изрекуваат за несоодветно однесување.* Што значи најголемиот дел на ученици се запознаени со начинот на кој се очекува тие да се однесуваат, и последиците кои следуваат доколку не го следат тој кодекс. Ова се поклопува и со мислењето на родителите **81,3%** од кои се согласуваат дека *Училиштето ги информира за кодексот на однесување и истиот успешно го спроведува.*


➢ Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи.		Познати ни се правилата на однесување во училиштето 229 гласови 


Познати ни се последиците и педагошките мерки кои се изрекуваат за несоодветно однесување.


222 responses




		Училиштето не информира за кодексот на однесување и истиот успешно го спроведува. 
	Училишна клима	**85.6%** од анкетираните родители се изјасниле дека *се чувствуваат добредојдено* во училиштето, а **92,8%** се изјаснуваат дека го *почитуваат наставниот кадар*, ***86,3%*** *директорот и стручната служба*. **78,4%** од родителите се изјасниле дека во училиштето *наставниците и учениците се почитуваат едни со други.* Според фокус групата спроведена со членови на Ученичкиот парламент, најголем дел од учениците се изјаснуваат дека часовите им се интересни и интерактивни, како и дека учениците се подеднакво вклучени во истите. Најголемиот дел од учениците од фокус групата часовите ги доживуваат како интересни и се изјаснуваат дека имаат слобода да го искажат своето мислење на часот. Најголемиот дел од учениците сметаат дека сите ученици еднакво се третирани за време на часовите, оценките кои ги добиваат им се образложени и им се даваат конкретни насоки како да се подобрат.


		
	Поведение и дисциплина во училиштето	**87,1% од родителите** комплетно се согласуваат дека *Училиштето ги информира за последиците и педагошките мерки од несоодветно однесување*. Исто така **67,1%** од учениците велат дека *се запознаени со куќниот ред* на училиштето и истиот го почитуваат, а **79,3%** велат дека им се *познати педагошките мерки* кои се изрекуваат за несоодветно однесување. Според фокус групата спроведена со членови на Ученичкиот парламент, најголем дел од учениците се изјаснуваат дека за време на часовите голем дел од времето се троши на смирување и одржување дисциплина. Учениците се изјаснуваат дека има дел од учениците кои не ги почитуваат своите права и обврски. Училиштето води редовна педагошка евиденција за изречени педагошки мерки. Според истите се формира Тим за поддршка за родители и ученици.


	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Со изјавата *Учествуваме во донесување одлуки и решавање проблеми*, се согласуваат само **42,3%** од анкетираните ученици. Иако за вклученоста и работата на Ученичкиот парламент бројките се многу повисоки. **87,1%** од анкетираните наставници се изјасниле дека училиштето успешно го организира и спроведува Училишниот парламент. **59%** од учениците сосема се согласуваат со ова, а **29,7%** делумно се согласуваат со оваа изјава. Ученичкиот парламент има свој Ученички Правобранител и Претседател на ученичкиот парламент кои се избрани од останатите претставници во парламентот. За вклученоста и учеството на претставниците на Ученичкиот парламент говори и документацијата која ја водат одговорните наставници и службата: Годишна програма, Записници од состаноци, Документација за спроведени иницијативи и активности. Во текот на оваа учебна година Ученичкиот парламент ги иницирал и спровел следниве активности: *-еко патроли* *-чистење на училишниот двор* *-садење цвеќиња* *- прослава и одбележување на Денот на жената* *-меѓувршничка поддршка* 

Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкета и разговори со ученици, родители/старатели, наставници; ➢ Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; ➢ Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител ➢ Структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна	Познавање и почитување на правата на децата	Споведена е анкета за познавање и почитување на правата на децата на која одговорија 139 родители, 222 ученици и 62 наставници. Во однос на познавање и почитување на правата на децата од родителите на спроведената анкета се изјаснија на следниов начин: *Училиштето ги запознава децата со нивните права и истите ги почитува* **133 (82%) од родителите** се изјаснија дека успешно се познаваат и почитуваат правата на децата, сосема се согласуваат со ова и **19(13,7%)** делумно се согласуваат. На спроведената анкета *Моето училиште ги почитува правата на децата* одговорија 222 ученици и се изјасија вака: **148 (66,7%)** сосема се согласуваат, **41 (18,5%)** делумно се согласуваат и **15 (6,8%)** не се согласуваат. На оваа анкета одговорија и 62 наставници и се изјаснија вака: **41(93,5%)** се изјаснија дека успешно се познаваат и почитуваат правата на децата, **4(6,5%)** делумно се согласуваат. Во однос на познавањето и почитувањето на правата на децата во нашето училиште се спроведуваат низа активности како: - Одржување работилници од страна на психолохот во училиштето - Детска недела (Прием на првачиња во Детска организација) 


интеграција; ➢ Дневник за работа на стручните соработници; ➢ Оперативен план за наставен час; ➢ Записници од наставнички совет; ➢ Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.		


	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Во однос на еднаквоста и правичниот третман на сите спроведена е анкета на која 139 од родителите одговорија и се изјаснија на следниот начин: **107(77%)** од родителите се изјаснија дека училиштето има еднаков и правичен третман кон сите ученици,сосема се согласуваат со ова, **20(14,4%)** делумно се согласуваат и **3(2,2%)** не се согласуваат. Спроведена е и анкета меѓу учениците на која ги добивме следните резултати: **99(44,6%)** се изјаснија дека третманот е еднаков и правичен за сите ученици, сосема се согласуваат, **72(32,4%)** главно . На анкетата *Училиштето се стреми кон еднаков и правичен третман на сите ученици* одговорија и 62 наставници и се изјаснија вака: **58(93,5%)** сосема се согласуваат), **4(6,5%)** главно се согласуваат.



Наставниците и вработените во училиштето имаат еднаков и правичен третман кон сите ученици
23 (10.4%)
26 (12.0%)
72 (32.6%)
99 (44.9%)
Училиштето има еднаков и правичен третман кон сите ученици
9.6%
20 (14.4%)
107 (77%)


Училиштето се стреми кон еднаков и правичен третман на сите ученици
62 responses
58 (93.5%)
1
2
3
4


Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); ➢ Записници од советот на родители и родителски средби; ➢ Анкети со наставници, ученици и родители; ➢ Статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; ➢ Извештаи од организирани акции, трибини, дебати,	Соработка на училиштето со родителите/старателите	Во училиштето се одржуваат редовни родителски средби ,средби на Советот на родители и индивидуални родителски средби. Наставниците имаат отворени денови за соработка и комуникација со родителите/старателите на учениците . Стручната служба пружа советување на родители/саратели доколку се утврди дека има потреба од истото. Информациите што се однесуваат на сите сегменти од работата на училиштето се достапни во електронска форма на интернет страницата на училиштето. Училиштето превзема активности за вклучување на родителите во работата на училиштето,ги почитува,цени и прифаќа нивните идеи за подобрување на воспитно-образовната работа и работењето на училиштето. **87,8%** од **родителите** одговориле дека *советите кои ги добиваат од наставниците се јасни и се од помош.* **79,1%** од родителите сметаат дека *училиштето пружа идентична помош на родителите од различни социјални слоеви.* **95,5% од учениците** сметаат дека *нивните родители се запознаени со нивниот успех* (редовно се информирани и ги знаат нивните оценки),а пак **86,5%** велат дека *нивните родители редовно присуствуваат на редовните родителски средби и се запознаени со тоа што го учат учениците додека се на настава* **53,6%** од **учениците** одговориле дека нивните родители *доброволно учествуваат во училишните активности.* Анкетирањето на **наставниците** ги даде следните резултати: **66,1%** се согласиле дека *родителите на нивните ученици се заинтересирани за успехот и поведението на учениците,се отворени за соработка и заинтересирани за работата на училиштето.* **64,5%** од наставниците се согласуваат дека *родителите на нашите ученици се заинтересирани за учество во органите на училиштето.* **66,1%** од наставниците се согласиле дека *нивните родители се заинтересирани за доброволно учество во училишни активности.*

предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; ➢ Документација за добиени спонзорства и донации.		Советите што ги добивам од наставниците на моето дете ми се јасни и од помош. 139 responses 


		Родителите на нашите ученици се заинтересирани за работата на училиштето и створени за соработка 


	Соработка со општината и со урбаната заедница	Училиштето организира трибини, настани,заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има соработка со Поликлиника Јане Сандански, Противпожарниот сојуз, Полиција, Црвениот крст и со Експертски центар за родителство. Анкетите од оваа област ги дадоа следните резултати: **79,1%** од **родителите** се согласуваат дека *училиштето соработува со општината и урбаната заедница*, а пак **65,5%** се согласуваат дека *училиштето редовно ги вклучува во соработка со општината и урбаната заедница.* **53,6%** од **учениците** се согласиле дека *со своите родители редовно учествуваат во активности поврзани со општината и урбаната заедница* ,а пак **90,3%** од **наставниците** се согласиле дека у*чилиштето соработува со општината и урбаната заедница.* 

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
➢ Кодекс на однесување; ➢ Куќен ред на училиштето; ➢ Набљудување на условите во училиштето; ➢ Протокол за превенција и заштита од насилство; ➢ Анкети/интервјуа со наставниците, родителите/старателите и со учениците; ➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; ➢ Записници од советувања;	Превенција и заштита од насилство	Спроведена е анкета помеѓу 139 родители по случаен избор и од предметна и од одделенска настава, анкета помеѓу 222 ученици и 62 наставници. 55.4% од **учениците** одговориле дека се чуствуваат заштитени од насилство кога се на училиште,27,9% од учениците одговориле дека главно се согласуваат дека се заштитени од насилство,13,5% не се согласуваат дека се заштитени и 6,8% сметаат дека не се заштитени од насилство. 81,5% од учениците знаат како да постапат доколку се сведоци на насилство во училиште ,а 78,4% знаат какви видови насилство постојат и знаат да ги препознаат. Од анкетираните **наставници** 88,7% сметаат дека во училиштето се превземаат сите потребни мерки за заштита и превенција од насилство,11,3% одговориле дека главно се согласуваат. Од анкетираните **родители** 78,4% одговориле дека нивното дете не било изложено на врсничко насилство,10,8% главно се согласуваат дека нивното дете не било изложено на врсничко насилство,16,4% изјавиле дека главно не се согласуваат дека нивното дете не било изложено на врсничко насилство и 5,8% главно не се согласуваат дека нивното дете не било изложено на врсничко насилство и 5% не се согласуваат дека нивното дете не било изложено на врсничко насилство. Според фокус групата спроведена со членови на Ученичкиот парламент, најголем дел од учениците се изјаснуваат дека нема многу насилство во училиштето и дека тие точно знаат како треба да постапат доколку се сведоци на било каков вид на насилство. Во училиштето се одржани редовни работилници од страна на претставници од стручната служба за превенција и справување со насилство, а по потреба и наменски работилници, средби и разговори на оваа тема.


➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); ➢ Записници од советот на родители и родителски средби; ➢ Педагошка евиденција и документација; ➢ Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведенит активности за професионална ориентација.		



	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Училиштето спроведува редовни работилници и информативни разговори со учениците од предметна настава за заштита од пушење, алкохол и дрога. **71%** од вработените целосно се согласуваат дека *училиштето врши редовни обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога*, а **24,2%** главно се согласуваат со оваа изјава. 
	Квалитет на достапна храна	*Квалитетот на храната е на високо ниво.* Со оваа изјава целосно се согласуваат **83,9%** од наставниците, **55,4%** од родителите, а **20,9%** главно се согласуваат со изјавата, **14,4 %**главно не се согласуваат и **9,4 %** потполно не се согласуваат. Според одговорните наставници и вработени за храна и кујна, се водат редовни проверки на квалитетот на храната и изборот на менито за учениците. Кујната располага со одлични услови за подготовка на храна па учениците добиваат свежо приготвени, топли оброци секој ден.

		
	Хигиена и заштита од болести	Во училиштето се вршат редовни систематски, здравствени прегледи и редовна имунизација на учениците. Во однос на хигиената учениците организираат еко-патроли за одржување и проверка на хигиена, правилно и разумно искористување на водата и електричната енергија и сл. **96,8%** од наставниците се целосно се согласуваат со изјавата дека *училиштето врши редовни систематски, здравствени прегледи и имунизација на учениците.* Само **36,9%** од учениците сметаат дека *училниците се чисти*, а **45,8%** главно се согласуваат со ова. **60,4%** од учениците сосема се согласуваат дека *училишниот двор редовно се чисти и уредува.* Додека само **32,9%** се согласуваат со изјавата дека *тоалетите во училиштето се чисти и функционални.* Родителите вака се имаат изјаснето во однос на хигиената: **57,6%** се согласуваат дека *хигиената во училиштето е на високо ниво.* А додека **92,1%** од родителите се согласуваат дека *училиштето спроведува редовни здравствени и систематски прегледи и врши редовна имунизација на учениците.*



	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Во однос на гржата за безбедност на учениците и вработените училиштето ги има превземено следните мерки: - ангажирано постојано обезбедување на влезот на училиштето -дежурни ученици на влезот на училиштето -видео надзор - редовни дежурства на наставниците во сите ходници и меѓу сите часови -Куќен ред кој се спроведува и почитува -соработка со МВР и нивна посета и работилници -Соработка со Центарот за социјална работа **77.5%** од учениците се изјаниле дека се чувствуваат *безбедно за време на наставата*, **73%** се изјасниле дека се чувствуваат *безбедно за време на одморите*, **78,8%** се изјасниле дека се чувствуваат *безбедно во училишниот двор*; **78,8%** се изјасниле дека *знаат на каде и кому да се обратат доколку некој ја загрози нивната безбедност.* Родителите се изјасниле вака во однос на безбедноста: **77.7%** сметаат дека *нивното дете е безбедно кога е на училиште*, а **72,7%** сметаат дека во *училиштето постои соодветен надзор на децата.* **87,1%** од наставниците се чувствуваат *сосема безбедно* кога се на работното место, а **90,3%** сметаат дека нивните ученици се безбедни на училиште. 

		
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Училиштето води редовна евиденција на бројот на ученици од социјално загрозени семејства и има постојана и редовна соработка со Министерството за труд и социјална политика. *Училиштето се грижи за учениците од социјално загрозените семејства.* Со оваа изјава се согласуваат **88,7%** наставници, и **69,4%** ученици,
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Училиштето води редовна евиденција за учениците со здравствени проблеми и хронични болести. Дека училиштето се грижи за учениците со здравствени проблеми целосно се согласуваат **95,2%** наставници и **79,1%** родители.

		
	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Во однос на ова прашање во училиштето се одржуваат редовни работилници на часовите по одделенска заедница како и дополнителни работилници со стручната служба. Со изјавата: *Училиштето се грижи за социо- емоционалната добросостојба на учениците* целосно се согласуваат **91,9%** од анкетираните наставници и **74,1%** од анкетираните родителите. 

	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Во однос на ова прашање во училиштето се преземани следните активности: - Одржани работилници за професионална ориентација од страна на психологот - Информативни и консултативни разговори со наставниците и стручната служба - Презентација и посета на средни училишта во нашето училиште преку проектот„ Денови на занаетчиство" кој редовно се одржува во нашето училиште. - Отворени денови на средни училишта и нивна посета

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Подрачјето *Училишна клима и односи во училиштето* опфаќа 4 индикатори и тоа:

3.1 Училишна клима

3.2 Еднаквост и правичност

3.4 Севкупна грижа за учениците

3.3 Партнерски однос со заедницата

Во ова подрачје се проверува и утврдуваат следниве аспекти: Углед/имиџ на училиштето, Училишната клима, Кодекс на однесување, Поведение и дисциплина, Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми, Познавање и почитување на правата на децата, Еднаков и правичен третман на сите ученици, Соработка на училиштето со родителите/старателите, Соработка со општината и урбаната заедница, Превенција и заштита од насилство, Заштита од пушење, алкохол и од дрога, Квалитет на достапна храна, Хигиена и заштита од болести, Грижа за безбедноста на учениците и вработените, Грижа за учениците од социјално загрозени семејства, Грижа за учениците со здравствени проблеми, Грижа за социо- емоционалната добросостојба на учениците, Давање помош при изборот за продолжување на образованието.

Инструменти преку кои се мереа овие аспекти од работата на училиштето се следните: **Анкета за ученици** (анкетирани 222 ученици), **Анкета за родители** (139 родители), **Анкета за наставници** (анкетирани 62 наставници), **Фокус група од претставници на училишен парламент, Записници од состаноци, совети, Правилници и кодекси за работа на училиштето** итн.

Силни страни

- Најголем дел од учениците, наставниците и родителите се согласни дека во училиштето наставниците очекуваат знаење и ги поттикнуваат учениците на знаење и воспоставуваат дисциплина
- Раководството ја цени работата и залагањето на наставниците и е посветено на унапредување на работата на училиштето
- Освен што има воспоставен куќен ред и правилник на однесување училиштето има и воспоставен кодекс на однесување (задолжителни училишни униформи)
- Најголем дел од родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето и сметаат дека во училиштето владее клима каде наставниците се почитуваат меѓусебно
- Најголем дел од родителите, наставниците и учениците се изјаснуваат дека се информирани за куќниот ред и истиот го почитуваат, како и тоа дека се запознаени со последиците од нарушување на куќниот ред.
- Најголем дел од учениците се изјаснуваат дека часовите им се интересни и интерактивни, како и дека учениците се подеднакво вклучени во истите. Најголемиот дел од учениците од фокус групата часовите ги доживуваат како интересни и се изјаснуваат дека имаат слобода да го искажат своето мислење на часот.
- Најголемиот дел од учениците сметаат дека сите ученици еднакво се третирани за време на часовите, оценките кои ги добиваат им се образложени и им се даваат конкретни насоки како да се подобрат.
- Училишниот парламент се организира и спроведува успешно. Активно работи на подобрување на работата на училиштето и има исполнети активности во текот на учебната година
- Училиштето ги запознава децата со нивните права и истите ги почитува
- Според родителите и учениците соработката и учеството на родителите во работата на училиштето е на високо ниво. И родителите се заинтересирани за училишниот живот на нивните деца и активно учествуваат во истиот.
- Училиштето организира трибини, настани,заеднички проекти во соработка со општината,а се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има соработка со Поликлиника Јане Сандански, Противпожарниот сојуз, Полиција, Црвениот крст, со Експертски центар за родителство- Институт Алтернатива, Прва детска Амбасада „ Меѓаши" и Комора на занаетчии.
- Најголем дел од наставниците се согласуваат дека квалитетот на храната е на високо ниво, иако родители во најголем дел не мислат така
- Училиштето врши редовни систематски, здравствени прегледи и имунизација на учениците.
- Најголемиот дел од учениците се изјаснуваат дека чувствуваат безбедно за време на наставата и одморите и дека знаат каде и кому да се обратат доколку се почуствуваат небезбедно. Бројките се високи и од родителите и наставниците по прашање на безбедност.
- Училиштето води редовна евиденција за учениците со здравствени проблеми и хронични болести.
- Училиштето се грижи за социо- емоционалната добросостојба на учениците
- Преку интерни работилници, внатрешни посети и посета на отворени денови училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието.

Слаби страни

- Најголем дел од претставниците на училишниот парламент се изјаснуваат дека дисциплината за време на часовите може да се подобри и дека дел од времето на часот се губи во воспоставување ред и дисциплина
- Најголем дел од претставниците на училишниот парламент се изјаснуваат дека има ученици кои не го почитуваат куќниот ред и правилата на однесување
- Дел од анкетираните ученици и родители не се согласуваат со изјавата Училиштето има *Еднаков и правичен третман на сите ученици.* Што значи дека тоа е слаба страна но во споредба со претходната самоевалуација е подобрено, но сеуште има простор за подобрување преку вклучување на сите ученици во активности, работилници и иницијативи.
- Наставниците не се согласуваат целосно со тоа дека соработката и учеството на родителите во работата на училиштето е на високо ниво и родителите се заинтересирани за училишниот живот на нивните деца и активно учествуваат во истиот. Само помалку од половина анкетирани наставници се согласуваат со овие изјави.
- Мал дел од анкетираните ученици се изјасниле дека не се чувствуваат заштитени од насилство за време на одморите, иако мислењето на наставниците и родителите е поинакво. Сепак тоа што дел учениците не се чувствуваат целосно заштитени од насилство за време на одморите е индикативно дека иако училиштето активно работи на подобрување на овој аспект, сепак има простор за подобрување и треба да се продилжи во иста насока со посилен интензитет.
- *Училиштето врши редовни обуки на учениците за заштита од пушење алкохол и дрога*, а **24%** делумно се согласуваат со оваа изјава. Одржана е обука за зависности во соработка со Црвен Крст за учениците од предметна настава. Во учебната 2025/2026 год. исто така е одржана обука на истата тема од училишниот психолог, при што се евидентираше потребата за континуирана реализација на обуката за зависности, со што ќе се делува на превенција од истите. Што значи дека има простор да се подобрат овие бројки и училиштето да превземе повеќе иницијативи за заштита од пушење, алкохол и дрога.
- Родителите не се согласуваат дека квалитетот на храната е на високо ниво.
- Мал дел од учениците се согласоваат дека хигиената во училниците е на високо ниво, а голем дел не се согласуваат со изјавата дека *тоалетите во училиштето се чисти и функционални*, *училниците и дворот исто така.* Овие бројки се поклопуваат и со мислењето на родителите.

Приоритети


- Да се детектираат каде и во кои аспекти учениците сметаат дека не постои еднаков и правичен третман за сите ученици и да се работи на подобрување на истите. Во таа насока во училиштето ставена е кутија за пријавување на насилство каде секој ученик има можност анонимно да пријави насилство.
- Да се продолжи со воспоставените активности и процедури за заштита од насилство и истите да се продлабочат за да се подобри чувството на заштита од насилство кај учениците.
- Да се развијат механизми за подобрување на хигиената во училниците, а најмногу во тоалетите.

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Блаже Конески" – Скопје


Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма за работа на училишниот одбор; Деловник за работа на училишниот одбор; Статут на училиштето; Финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); Записници од ученички парламент за избор на претставници; Самоевалуација, план/програма за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Програма за професионалниот развој на директорот; Интервјуа со наставници, родители и ученици, инклузивниот тим и	Управување со училиштето	Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има седум члена и тоа: Членовите на Училишниот одбор по националност се Македонци и е застапена родовата еднаквост. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките. Има Деловник за работа и соработува со директорот. Од спроведената анкета констатирано е дека Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган во училиштето и други образовни структури и дека обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на вклучените во воспитно-образовниот процес Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училиштето аплицира за обука за новоименуваните членови на Училишниот одбор, заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.  


училишниот одбор; План за следење на активностите за меѓуетничка интеграција и квартални препораки; Записници од инспекциски надзори; Записници од работата на тимот за училишна интеграција		
	Раководење со училиштето	Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.




		
	Управување и раководење со ресурсите	Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадени и вратени книги, има компјутер и пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива. Поради ограничени просторни капацитети библиотеката нема читална. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.  

		
	Раководење со кадарот	Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Програмата за Професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни тенденции. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот

што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство.



	Следење и унапредување на наставниот процес	Наставникот е носител на воспитно-образовната дејност и главен фактор за правилно градење и развивање на младите личности, модел за позитивна идентификација и затоа позитивното мислење на колегите за него, мислењето од учениците, родителите и целата средина е негова оценка. Сепак следењето на работата на наставницита се врши преку посебни критериуми, форми и активности и тоа посета на часовите на наставниците од страна на директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. 


Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
4.2 Планирање и управување со училишниот буџет Годишна програма за работа на училиштето 2025/2026 План за развој на училиштето, Полугодишен и годишен извештај на училиштето, Записници од стручни активи, Увид во финансов план, Развоен план и годишна програма за работа на училиштето, Записници и одлуки на Училишен одбор, Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди, Записници од ревизија на УЈП	Процедури за креирање на училишната политика	Училиштето делува како самостоен субјект. Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, намалување на сите видови насилства во училиштата , инклузија, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики кои се креираат преку долгорочно планирање и вклученост на вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот на работење во училиштето. Процедури за креирање на училишната политика Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи: • Континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники • Навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки • Интензивирање на соработката помеѓу родителите, • Анализа на причините за отсуства од настава

- Советодавни разговори со учениците и родителите
- Оспособување на учениците за критичко размислување и активно дејствување во

околината.
- Инклузија во настава
- Намалување на сите видови насилства во училиштата
- Антикорупциска едукација на учениците
- Недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите
- Поттикнување на емпатијата и социјалната интелигенција кај младите


За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја. Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците. Воннаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето. Реализирани се проекти (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Проект за ненасилно однесување во училиштата, Јакнење на професионалната компетенција на стручните соработници во советување со деца и родители. училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето. Соработката на стручните соработници со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на училиштето. Училиштето има извонредна соработка со родителите која се одвива преку: родителскиот

одбор, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручните соработници. Обврските и задолженијата на вработените се јасно прецизирани и навремени, а тоа придонесува за поголема ефективност и успешност на училиштето. Вработените се карактеризираат со стручност, квалификации и професионалност. Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.



	Резултати од развојно планирање	Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Целите за развојно планирање се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на планирање на целите и нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Од спроведената анкета со родители се потврдува со 89,9% (се согласувам), 7,4% (делумно се согласувам) и 1,4% (не се согласувам) и 1,4% (не знам/немам информација). Од анкетата спроведена кај наставниците, 95,2% сметаат дека планираните цели во развојниот план соодветствуваат со Годишната програма за работа на училиштето, додека само 4,8% одговориле со *не сум сигурен*. Наставниците активно учествуваат во развојното планирање – 88,1% од наставниците одговориле позитивно, 9,5% одговориле со *не сум сигурен*, додека само 2,4% одговориле негативно. Целите на развојното планирање на училиштето се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето. Во анкетатата спроведена кај наставниците, голем број одговориле *потврдно* (95,2%) додека само 4,8 проценти се изјасниле со *не сум сигурен*. .Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. 



		Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на Развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Директорот и стручната служба соодветно се залагаат за реализација на Годишната програма за работа на училиштето, органите и телата на училиштето се активно вклучени во креирањето на училишната образовна политика, наставниците се вклучени во изработка на акциските планови на училиштето (95,2% од анкетираните наставници одговориле потврдно, додека 4,2% одговориле *не сум сигурен*, ниту еден од испитаниците не одговорил негативно) како и во следење и евалуација на реализираните акциони планови (92,9% од наставниците се изјасниле позитивно и 7,1% одговориле *не сум сигурен*, а ниту еден не се изјаснил негативно). 







Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето ги информира наставниците и Училишниот одбор за поставените цели и динамиката за нивно реализирање, како и за постигнатитие резултати (од анкетираните наставници 90,5% одговориле со *да*, 7,1% ја избрале опцијата *не сум сигурен,* додека само 2,4% одговориле негативно).









		 
	Планирање и управување со училишниот буџет	Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето . Транспарентноста во планирањето и трошењето на училишниот буџет се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства, Годишен план за јавни набавки се доставува до Општината, Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средства од училишниот буџет.    



Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето и буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Финансиското работење се одвива согласно претходно изготвен *План за работа за сопствената и општинската сметка.* Според годишниот финансов план за работа е изготвен Годишен План за јавни набавки кој е усвоен од страна на Училишниот Одбор како управен орган на училиштето. При изработката на Планот за јавни набавки земени се предвид потребите на наставниците, учениците и вработените по претходно изработени извештаи. Утврдени се постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор разгледува и усвојува Годишен план за финансиско работење на училиштето.

Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Училишниот одбор е орган на управување во училиштето. Работењето на училишниот одбор е регулирано со Статутот и Деловникот за работа. При донесување на важни одлуки се почитуваат статутарните и обврските од

		деловникот. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето, стручната служба и наставниците, но и со другите заинтересирани страни (родители, ученици, локална заедница). Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето на суштинско ниво. 

		Анкетен прашалник за реализиран разговор со директор, секретар/книговодител во врска со финансиско работење – планирање и раководење со училишниот буџет 1.Во училиштето сметководството се води по Правилник за работа изготвен според Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници – *ДА* 2.Како буџетски корисник, податоците во своето сметководство училиштето ги обезбедува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите - *ДА* 3. Фактурите се забележуваат хронолошки во книгите на влезни и излезни фактури - *ДА* 4. За внесувањето на податоците во деловните книги се користи сметководствен документ како писмен доказ за настанатата финансиска промена во кој може да се утврди местото и времето на настанувањето на финансиската промена,односно трансакција,опис на дејствието за трансакција и датум на доспевање за исплата на истото,договорените странки со нивните лични податоци ,точен назив, износ ,даночен број и жиро сметка. - *ДА* 5. Работењето со финансиските средства се одвива по претходно изготвен План за работа за сопствената и општинската сметка - *ДА* 6. Според годишниот финансов план за работа е изготвен Годишен План за јавни набавки - *ДА* 7. Годишниот План за јавни набавки е усвоенод Училишниот Одбор на училиштето - *ДА* 8. Во планот за јавни набавки се земени во предвид потребите на наставниците,учениците и вработените по претходно изработени извештаи. *ДА* 9. Училиштето води попис по годишни стапки предвидени за буџетите и буџетските корисници (секое средство во пописот се заведува поединечно со инвентарен број, назив на средството, назив од каде е набавено и дата на набавка по месец и година и истото претставува основица за пресметувањето на амортизацијата) -*ДА* 10. Како се врши пописот во училиштето?

		Одговор: Пописот во училиштето го врши пописна комисија која е формирана со одлука на Директорот на училиштето, со што на пописни листи ги евидентира ситен и крупен инвентар и ново набавени средства, додека истата комисија предлага и средства за расход кои ги одобрува Училишниот одбор. По завршување на пописот со дата 31ви декември, истиот се прикажува на членовите на Училишниот одбор и истиот се изгласува со гласање, во кој се пишува и салдото на сите сметки со кој се завршува годината како и салдото од благајната. 11. Кој го врши пописот во училиштето? *Одговор:* Пописот во училиштето го врши пописна комисија која е формирана со одлука на Директорот на училиштето 12. Според законската обврска училиштетот изработува Годишна завршна сметка која се презентира и усвојува од Училишниот Одбор. - *ДА* 13. Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 година предвидена е активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер. Дали за наведената активност е спроведена постапка за барање за прибирање на понуди за екскурзии, согласно *Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и на другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-10853/1* од 04.08.2025 год.? - *ДА*

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето.

- Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките.

- Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето.

- Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.

- Вработените активно учествуваат во креирањето и остварувањето на целите на училиштето со севкупното работење (изготвување и целосна реализација на наставниот план и програма како и наставните цели, меѓусебна соработка и споделување идеи и искуства, организирање и учество на презентации, работилници и приредби, натпревари, обуки, состаноци).

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Сите вклучени страни, вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

- Училиштето има изготвен акциски план за остварување на резултатите во поставените цели и доследно ги спроведува. Училиштето има план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. - Целиот извештај е донесен врз основа на анкетни прашалници, интервјуа, записници, извештаи, увиди.

Силни страни

- Силна страна на раководниот орган се комуникациските вештини, одржувањето добри односи помеѓу сите учесници во наставата, промовира и поддржува тимска работа. Овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој. Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и навремено ги набавува.
- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување.
- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра.

➢ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. ➢ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет. ➢ Во процедурите за креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите субјекти. ➢ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет. ➢ Во процедурите за креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите релевантни учесници.
Слаби страни ➢ Библиотеката нема читална поради ограничени просторни капацитети и нема доволен фонд на книги за награди на ученици кои постигнуваат високи резултати во совладување на наставниот материјал, натпревари и слично. ➢ Обуки за новоименуваните членови на УО
Приоритети ✓ Проширување на просторните капацитети на библиотеката и зголемување на фондот на книги. ✓ Обуки за новоименуваните членови на УО.

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации (се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Анкета за родители/старатели
Анкета за наставници
Анкета за ученици
Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба
Резиме (главни наоди) од фокус групи
Наоди од набљудување часови
Наоди од други видови набљудувања

Предлог-мерки за за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

При анализа на самоевалуацијата на работата на ООУ „Блаже Конески", Општина Аеродром, Скопје за периодот 2024-2026 година, од страна на комисијата констатирани се многу силни страни, но и одредени слаби страни од кои произлегуваат приоритетите за работа во развојната програма со цел да се унапредување на работата на училиштето, односно за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Приоритети на кои треба да се работи се следните:

1. Проширување на просторните капацитети (кабинетска настава), инфраструктура(реконструкција на училиштето) и човечки ресурси (недостаток од технички персонал).
2. Целосно опремување на училиштето со смарт табли.
3. Подобрување на мотивацијата и поддршката на учениците со послаб успех преку примена на соодветни методи и активности што поттикнуваат активно учество и интерес за учење.
4. Да се детектираат каде и во кои аспекти учениците сметаат дека не постои еднаков и правичен третман за сите ученици и да се работи на подобрување на истите. Во таа насока во училиштето ставена е кутија за пријавување на насилство каде секој ученик има можност анонимно да пријави насилство.
5. Да се продолжи со воспоставените активности и процедури за заштита од насилство и истите да се продлабочат за да се подобри чувството на заштита од насилство кај учениците.
6. Да се развијат механизми за подобрување на хигиената во училниците, а најмногу во тоалетите.
7. Проширување на просторните капацитети на библиотеката и зголемување на фондот на книги.
8. Обуки за новоименуваните членови на УО.

Комисија за СЕУ :

- Александра Арсовска Белчовска- психолог,
- Весна Анѓеловска-педагог,
- Искра Стојановска – наставник по англиски јазик
- Весна Стевановска - одделенски наставник
- Тања Илиевска - наставник по македонски јазик.

УЧИЛИШЕН ОДБОР ПРИ
ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" – СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Бојана Трајановска Димитриевска

_____

ДИРЕКТОР
ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" – СКОПЈЕ
м-р Виолета Ристовска

_____

Комисија за СЕУ :

- Александра Арсовска Белчовска- психолог,
- Весна Анѓеловска-педагог,
- Искра Стојановска – наставник по англиски јазик
- Весна Стевановска - одделенски наставник
- Тања Илиевска - наставник по македонски јазик.

УЧИЛИШЕН ОДБОР ПРИ
ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" – СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Бојана Трајановска Димитриевска

ДИРЕКТОР
ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" – СКОПЈЕ
м-р Виолета Ристовска